Доказ-акт за регулиран надоместок за уредување на градежно земјиште бр.09-151 издаден од Општина ПЕТРОВЕЦ - ПЕТРОВЕЦ

Согласност и мислења прибавени согласно член 59-в од Законот за градење:
- ЕВН КЕЦ Васил Главинов -Скопје, под бр.11-732/2 од 30.04.2020г
- Дирекција за заштита и спасување, подрачно одделение за заштита и спасување Гази Баба – Скопје, под бр.10-111/4 од 05.05.2020г.
- ЈКП Петровец-Петровец, не се произнесе во законскиот рок од 5 дена поради што се смета дека нема забелешки, согласно член 59-в став (8) од Законот за градење.

ОВА РЕШЕНИЕ ЗА ИЗМЕНИ ВО ТЕК НА ГРАДЕЊЕ СЕ СОСТАВЕН ДЕЛ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЊЕ бр. 09-290 ОД 21.08.2019г

Врз основа на горе изнесеното Градоначалникот на Општина ПЕТРОВЕЦ – ПЕТРОВЕЦ утврди дека се исполнети законските услови за издавање на Решение за измени тек на градење и одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова Решение за измени во тек н градење може да се изјави жалба во рок од 15дена од денот на приемот на одобрението до Министерството за Транспорт и врски.
Жалбата се таксира со 200,00 денари административна такса.

Таксата по член 4(37) од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни такси во износ од 50,00 денари е наплатена и приложена со барањето.

ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
Градоначалник
Борче Митевски

Изработил:
Одобрил: Блаже Арсовски

ДОСТАВЕНО ДО:
Друштво за производство, трговија и услуги НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ СКОПЈЕ

I.2-7. Решение за одобрен Елаборат за заштита на животната средина, издадено од Општина Петровец

Согласно Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.05/02), Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 51/11,123/12,93/13, 42/14, 44/15,129/15 и 39/16) Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кој се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 74/05, 109/09, 164/12) и Уредбата за изменување на Уредбата за дејности и активности за кои задолжително се изработува Елаборат, а чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр.36/12) и Уредбата за изменување на Уредбата за дејности и активности за кои задолжително се изработува Елаборат, а чие одобрување е надлежен Градоначалникот на општината („Службен весник на Република Македонија" бр.32/12) постапувајќи по Барањето на **НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ – Скопје,** за одобрување Елаборат за оцена на влијанието врз животната средина бр.09-1452/1 од 21.08.2019 година, Градоначалникот на Општина Петровец, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на Елаборат за заштита на животна средина

1. Со ова Решение се одобрува Елаборатот за заштита на животната средина, со тех. број: 105/2019 од јули.2019 г., изработен од СТРУКТУРЕ ДООЕЛ - Тетово.
   Предмет на овој проект претставува изградба на нов објект Г2 – производство и магацински простор за одгледување и производство на медицински канабис во контролирани услови, за потребите на инвеститорот НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ – Скопје.

2. Од доставената документација констатирано е дека се работи за нов објект Г2 – производство и магацински простор за одгледување и производство на медицински канабис во контролирани услови, КО Ќојлија, општина Петровец, нема да има значителни влијанија врз животната средина.

3. Инвеститорот се задолжува целосно и без исклучоци да се придржува кон пропишаниот режим и мерки за Елаборатот за заштита на животната средина, како и кон доплнителните решенија доколку се покаже потреба од зголемен обем и вид на превенција.

Друштво за производство, трговија и услуги
НЈСК ХОЛДИНГ
ДООЕЛ Скопје

Примено: 30.08.2019			
Орг. Ед.	Број	Прилог	Вредност
03	2183/1		

Образложение

НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ – Скопје, поднесе до Општина Петровец барање за одобрување Елаборат за заштита на животната средина бр.09-1452/1 од 21.08.2019 г.

Предмет на овој проект претставува изградба на нов објект Г2 – производство и магацински простор за одгледување и производство на медицински канабис во контролирани услови, за потребите на инвеститорот НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ – Скопје.

Согласно Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 51/11,123/12,93/13, 42/14, 44/15,129/15 и 39/16) и Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен Градоначалникот на Општината, Градоначалникот на Град Скопје и Градоначалникот на општините во Градот Скопје („Службен весник на Република Македонија" бр.32/12), дејноста за која е изготвен предметниот Елаборат е опфатена со Прилог 1 од Уредбата и за истиот се спроведува постапка за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина.

Елаборатот е во целост изработен согласно Правилникот за формата и содржината на Елаборатот за заштита на животната средина, постапката за нивно одобрување, како и начинот на водење на Регистарот за одобрени елаборати („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/13).

При увидот на терен извршен од страна на претставникот на Одделението за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина на Општина Петровец, на ден 21.08.2019 г., констатирано е дека фактичката состојба соодвествува со податоците во Елабортот и дека може да отпочне постапката за издавање решение за одобрување Елаборат за животна средина.

Комуналниот отпад се подига од страна на ЈКП „Петровец„-Петровец, за што се приложени платени сметки за комунален смет.

Во случај на надминување на дозволените нивоа на емисии, ќе се применат одредбите на Законот за заштита на животната средина во делот на Делокругот на надзор на овластениот инспектор и делот на Прекршочните одредби.

Врз основа на изнесеното, е одлучено како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство:

Против ова Решение подносителот на барањето за одобрување на Елаборатот за заштита на животната средина има право на жалба до Министерот за животна

средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.
Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето

Упатство за правно средство:

Против ова Решение подносителот на барањето за одобрување на Елаборатот за заштита на животната средина има право на жалба до Министерот за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

Бр. 09-1452/3
21.08.2019 година

Изработил:Наталија Миткова Миладинов
Одобрил:Блаже Арсовски

ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Борче Митевски дипл.ecc.

ПРИЛОГ II ОПИС НА ИНСТАЛАЦИЈАТА, НЕЈЗИНИТЕ ТЕХНИЧКИ ДЕЛОВИ И ДИРЕКТНО ПОВРЗАНИТЕ АКТИВНОСТИ

II.1. ДИСПОЗИЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ И ОПРЕМАТА

II.2. ТЕХНИЧКО ТЕХНОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ СКОПЈЕ

II.3. ИНСТАЛИРАНА ОПРЕМА ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА

II.4. РАЗВОЈ И ИСТОРИЈАТ НА АКТИВНОСТИТЕ НА ЛОКАЦИЈАТА

II.1. ДИСПОЗИЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ И ОПРЕМАТА

Друштво за производство промет и услуги „НЈСК ХОЛДИНГ“ ДООЕЛ СКОПЈЕ е EU GMP сертифицирана фармацевтска компанија за производство на активни фармацевтски состојки (API): хербална супстанца - сув цвет; различни видови екстракти од канабис (декарбоксилирано и дестилирано масло од канабис); како и нестерилни течни, цврсти и полу-цврсти фармацевтски дозирани форми. Целокупното производтство на канабис и препарати од канабис е наменето за употреба во медицински цели.

Основната регистрирана дејност на фирмата „НЈСК ХОЛДИНГ“ ДООЕЛ СКОПЈЕ е:
• 21.10 - Производство на основни фармацевтски производи;
• 21.20 - Производство на фармацевтски препарати;
• 01.28 - Одгледување на зачински, ароматични и лековити растенија за употреба во фармацијата.

Во овој Прилог прикажани се Скици од основи по катови:
1. Приземје;
2. Кат 1;
3. Кат 2 - Администрација.

I.) ПРОИЗВОДСТВО

1. Одгледување на канабис во затворен простор Cannabis sativa L. subsp. Sativa, Cannabis sativa L. subsp. Indica, различни вариетети кои ги опфаќаат следниве фази:
• Одгледување и нега на растенија-мајки;
• Процес на клонирање и одгледување на клонирани растенија;
• Вегетативна фаза на растенијата;
• Одгледување, цветање и берба на целосно расцветани растенија.

2. Обработка на растенијата: сушење, тримирање, завршно сушење.

3. Примарно и секундарно пакување на активна супстанца во хербална форма - цветни плодни врвови на растението канабис за медицински цели.

4. Производство на различни видови ектракти од канабис како активни фармацевтски состојки за медицински цели:
• Декарбоксилирано масло од канабис;
• Дестилирано масло од канабис;
• Примарно и секундарно пакување на екстрактите од канабис.

5. Производство на фармацевтски дозирани форми:
• Нестерилни, течни, цврсти и полуцврсти фармацевтски дозирани форми;
• Примарно и секундарно пакување на финални производи;

II.) КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ

1. Физичко-хемиско анализа:
• Одредување на канабоиди;
• Одредување на тешки метали;
• Одредување на пестициди;
• Одредување на терпени;
• Одредување на микотоксини;
• Одредување на етанол (како резидуален растворувач).

2. Микробиолошко тестирање (според Европската Фармакопеја).

Компанијата има воведено СОП (стандардни оперативни процедури) во НЈСК ХОЛДИНГ СКОПЈЕ за:
1. СОП за Евиденција, складирање и уништување на растителен отпад;
2. СОП за Прием, складирање и издавање на влезен материјал во влезен магацин;
3. СОП за Надзори општи служби;
4. СОП за Видео мониторинг;
5. СОП за Прием, складирање и издавање на готов производ од магацин за готов производ;
6. СОП за Ракување и санација на системот за производство и дистрибуција на пречистена вода.

Во овој Прилог прикажани се MSDS Листи за влезни суровини (влезни хемикалии).

II.2. ТЕХНИЧКО ТЕХНОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ СКОПЈЕ

II.2.1. Опис на технолошкиот процес во производство во делот на екстракција и финални фармацевтски дозирани форми

Просториите за производство се сместени на приземје на површина од околу 500 m^2.

Просторот е дизајниран и опремен според важечките норми за Добри производни практики и прилагоден за ефикасно изведување на предвидените фармацевтско-технолошки операции. Просторот и поставеноста на просториите овозможуваат хоризонтално движење на материјалите, персоналот и операциите.

Производните простории се од цврста градба, со внатрешност која е во согласност со барањата предвидени во Добрите производни практики за да се обезбеди лесно одржување и чистење според соодветната класа на чистота.

Материјалите вградени во производните простории се:
• водоотпорни, лесни и ефикасни за чистење;
• отпорни на средства и на хемикалии за чистење;
• непорозни;
• мазни, без пукнатини, процепи и отвори;
• механички цврсти, отпорни на удари;
• не стимулираат, ниту се основа за развој на микроорганизми;
• имаат антистатични карактеристики;
• не емитираат честици.

Процесот на производство на различни видови екстракти (декарбоксилирано и дестилирано масло) и активни фармацевтски состојки на база на канабиноиди (THC & CBD дестилати) ги подразбира следниве фармацевтско -технолошки операции:
• подготовка на хербален материјал/биомаса;
• ладна мацерација со етанол;
• евапорација и добивање на сирово масло;
• декарбоксилација на сирово масло;
• дестилација на декарбоксилирано масло;
• добивање на API (THC дестилат или CBD дестилат).

Процесот на производство на нестерилни фармацевтски дозирани форми опфаќа:
• течни дозирани форми;
• полуцврсти дозирани форми (масти, супозитории/вагитории, креми);
• цврсти дозирани форми (капсули).
Подготовката и производството се одвива со користење опрема соодветна за секој процес.

Опремата е целосно квалификувана според барањата на EU GMP.

II.2.2. Простор за производство - екстракција и готов производ

Производството на дестилирано масло се одвива во Екстракција кој според класата на чистота спаѓа во чист некласифициран простор (CNC).

При производството на дестилирано масло се спроведуваат активности и фармацевтско технолошки операции кои претставуваат посебни фази во процесот.

1. ***Центрифугирање*** - ладна етанолна екстракција чиј процес се одвива во три чекори
- Soaking - потопување на растителниот материјал
- Agitation - брза и автоматска агитација на растителниот материјал во соодветен растворувач
- Spinning - автоматско дренирање и извлекување на растворувачот со директен трансфер до системот за филтрација
2. ***Филтрација*** - се овозможува отстранување на ситни партикули, восоци, деколоризација како и фина филтрација.
3. ***Евапорација*** - Falling film евапораторот овозможува рамномерна и континуирана сепарација на канабиноиди од етанолот. Системот за евапорација се состои од 3 главни колони, колона за канабиноиди, топлински разменувач и колона за рециклиран етанол. Трансферот на материјалот се одвива со помош на пумпи.
4. ***Декарбоксилација*** - претставува процес на конверзија на неактивните киселински форми на канабиноидите во неутрални активни канабиноиди, под дејство на определена температура и време. Системот за декарбоксилација се состои од главен сад за декарбоксилација и кондензор. Системите за евапорација и декарбоксилација работат под вакуум.
5. ***Дестилацијата*** - претставува процес на прочистување на декарбоксилираното масло. Системот се состои од главна колона во која се одвива дестилацијата и е составена од дупли ѕид и кондензор преку кои сепарацијата се врши во две фркации и тоа остатоци од дестилација и дестилирано масло.

• Производен погон за подготовка на готов финален производ.

Во производниот погон за подготовка на готов финален производ се врши корекција на концентрацијата на маслото според потребите и нарачките на купувачите и се одвива во простор класа D.

• Производство на готови дозирани форми

Производството започнува со фаза на мешање (хомогенизација) на две течни супстанции (масло/масло) или мешање на една течна и една цврста супстанција (масло/прашак) на одредна температура и одреден временски период.

Размерување на суровината се врши во вагална, а самиот процес на хомогенизација се врши во затворени иноксни садови - хомогенизатори. По добивање на раствор се продолжува со наредната фаза.

• Фаза на дозирање, полнење и затворање на растворот во шишиња

Во оваа фаза се врши полнење, дозирање и затворање на веќе приготвениот раствор во шишиња со различен волумен. Процесот е автоматски во целосно затворен систем. Бидејќи се работи за полнење, дозирање и затворање во шишиња на маслен раствор нема емисија на штетни честички или испарувања.

• Фаза на етикетирање и пакување на готовиот дозиран производ

Во оваа фаза готовиот дозиран производ спакуван во шишиња и затворен со капалки или капачиња, преку подвижна лента се етикетира и пакува во соодветна амбалажа.

По завршување на оваа фаза спакуваниот готов производ се предава во магацин за готов производ или во сеф магацин (сеф соба).

❖ Управување со отпад генериран од процесот на производство

Во процесот на производство на сув цвет од канабис за медицински цели се генерира растителен отпад во поголеми количини.

Соодветно на законските прописи отпадот се евидентира, складира во посебна просторија и уништува во единствената лиценцирана компанија за согорување на отпад, Дрисла со која НЈСК ХОЛДИНГ има склучено договор за соработка.

На локацијата е обезбедена подлога на која се складира отпадот, без да се дозволи загадување на почвите и водите. Локацијата е оградена со соодветна ограда која овозможува визуелна заштита од надвор и спречува влегување на неовластени лица и животни.

❖ Опрема што се користи во лабораторијата за контрола на квалитет

Лабораторијата за контрола на квалитет е EU GMP сертифицирана и акредитирана според стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2018 за физичко, хемиско и микробиолошко тестирање на фармацевтски препарати, медицински производи и растителен материјал.

Контролата на квалитет го опфаќа делот кој се однесува на узорцирање, изработка на спецификации, испитувања, одобрување или одбивање на материјалите и производите, како и на организирање, документирање и пропишување на постапки за испитување, со што се обезбедува спроведување на сите неопходни процеси за испитување на квалитетот на влезните материјали, меѓупроизводите и готовите производи пред нивното пуштање во промет.

Контролната лабораторија е целосно опремена за анализа на сите параметри за физичко-хемиска и микробиолошка анализа.

❖ Систем за вентилација и филтрирање на воздухот

На објектот НЈСК ХОЛДИНГ изведени се HVAC вентилациони траси, што се под контрола на BMS систем, со кој се врши автоматска контрола, мониторинг и следење на условите. Овој систем служи за предвидено уфрлање, дистрибуција и филтрирање на воздух со цел обезбедување на вентилација со соодветен број на измени на час и тоа во неговална, простории за растење, лаборатории, магацински простор, канцеларии, гардероби и тоалети.

Инсталацијата за вентилација обезбедува довод на свеж (надворешен) воздух во просториите од објектот со помош на вентилатори. Влезниот воздух, поминува низ филтер што содржи активен јаглен и така пречистен, преку вентилациони канали изработени од поцинкуван лим и дистрибутивни елементи, како што се решетките, се доведува во просториите за растење и просториите за екстракција.

На овој начин се обезбедуваат доволно измени на воздухот во целиот објект за одредени временски интервали, односно, се врши рециркулација на воздухот во просориите за растење, лабораториите за екстракција, просториите за пакување, магацинот и административните простории.

На линијата за довод на воздух инсталирани се заменливи филтри, и тоа: груб филтер (класа G4/M5) за прифаќање на груба прашина или честички над 5□m, а во самиот рекуператор инсталиран е фин филтер (класа F9) за фина филтрација и прифаќање на честички помали од 1 □m. Оваа класа на фини филтри се користи во вентилациони системи во прехранбена индустрија, оперативните блокови и производство на лекови.

Отпадниот воздух од производните простории се филтрира претходно со груб филтер класа G4, а потоа на линијата за одвод на нечист воздух покрај филтер класа F9 инсталиран е и филтер од активен јаглен за отстранување на мириси од процесот на ектракција.

Истовремено на влез и излез од објектот е поставен систем на воздушна завеса со што дополнително се спречува влез на надворешен непрочистен воздух.

Контролата на вентилацискиот и системот на греење и ладење е автоматизирана, преку BMS системот.

❖ Греење и ладење на просториите

Греење и ладење на просториите е преку централен каналски клима уред, а во секоја просторија поединечно освен во просториите за припрема, екстракција и контрола постојат дополнителни клима уреди за резервна употреба.

Бараната влажност на воздухот во просториите се регулира преку одвлажнувачи за секоја просторија одделно.

Регулација на температурата и влагата во производниот простор се контролирани со помош на BMS системот, со што се обезбедува континуирано следење на бараните параметри и нивно печатење.

❖ Енергетски медиуми

I) Електрика

Напојувањето на објектот е овозможено од приватна трафостаница што се наоѓа во склоп на објектот. Во инсталацијата изведена е слаботрујна инсталација.

Системот за климатизација е пуштен во употреба, измерени се предвидени количини на доводен воздух за секоја просторија со анемометар и BMS системот е подесен да функционира според бараните стандарди.

II) Систем за видео мониторинг

Во објектот, а и надвор од него инсталиран е систем за видео мониторинг, евиденција на работно време, ПП централа како и контрола на пристап.

III) Осветлување

Осветлувањето во објектот ќе се врши со помош на ЛЕД светилки со снага до 40 W по сијалично место.

❖ Водовод и канализација

Објектот за производство на екстракти од канабис се снабдува со комунална вода од ЈКП Водовод Илинден во целиот објект.

Водата која се користи во сите фази во производство е преработена вода со имплементиран систем изработен од ФЛУИД Проект.

За обезбедување на вода со потребниот квалитет за производство и одгледување на коноп (наводнување по систем „капка по капка“), пред влезот во погонот е поставен филтер за пречистување на водата. Оваа пречистена вода понатаму се доведува до секоја производствена просторија во погонот како и до просториите за одржување на хигиена (просторија за дезинфекција, гардероби и тоалети).

Во склоп на инсталацијата на НЈСК ХОЛДИНГ, постојат и бунари од кои се користи вода во процесот и за истите, компанијата поседува дозвола за вршење, издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

Водата во производниот процес се филтрира во повеќе етапи: третирање и дезинфекција на вода, третирање со повеќеслоен / мултимедијален филтер, омекнување на филтрирана вода, фино филтрирање на деминерализирана вода, третирање со реверзна осмоза и УВ стерилизација.

Истовремено сите производствени простории имаат и одводи на подовите за одведување на водата, која се користи за одржување на хигиена во просториите. Отпадната вода, пред да биде испуштена преку канализациона мрежа, поминува низ пречистителна станица што е во склоп на НЈСК ХОЛДИНГ и која работи на принцип на SBR технологија. Потоа, водата од пречистителната станица се испушта во постојната канализациона мрежа. НЈСК ХОЛДИНГ е приклучена на водоводна и канализациона мрежа За оваа цел, НЈСК ХОЛДИНГ има склучено договор со Јавното Комунално Претпријатие Петровец.

❖ Суровини и помошни материјали

Основна и единствена суровина во процесот на одгледување на канабис е семето од канабис.

Увозот на семе е под надлежност на Агенцијата за лекови и медицински средства со приложување на соодветна докуменрација. Контролата на документацијата за увозот ја врши МАЛМЕД и при влез во државата ја врши Царинска Управа. Комисијата за исполнување на условите за одгледување на канабис за медицински цели врши контрола на процесот од садење/сеење, до берба.

Помошни материјали потребни за ова производство се: минералните ѓубрива, тресет и камена волна во кои се одгледува канабисот.

❖ Начин на ракување со материјали

I) Почетни материјали
Семенскиот материјал се чува во просторија со контролиран пристап - сеф соба.
Останатите помошни материјали се чуваат соодветно, во Магацин за влезни суровини.

II) Готови производи
Готовите производи се чуваат во „Магацинот за готов производ“ со контролиран пристап.

III) Материјали за пакување
Материјалите за примарно и секундарно пакување се чуваат во собата за пакување.Магацин за влезни суровини.

IV) Мострирање на примероци
Мострирањето на суровини и амбалажа, влезни материјали, меѓупроизвод и готов производ се врши од страна на обучено лице од Контрола на квалитет.

❖ Простор за возилата за транспорт на отпад

Инсталацијата има обезбеден простор за возилата со кои се врши транспорт на отпадните материјали до локацијата, во склоп на локацијата и при изнесување од локацијата.

Пристапните патеки до локацијата и патеките на движење во локацијата се доволно широки и соодветно обележани.

❖ Моторни и приклучни возила

Моторните и приклучните возила кои се користат како средства за собирање и транспорт на отпад имаат исправни уреди и опрема и ги исполнуваат важечките барања и стандарди за димензиите, вкупните маси и осно оптоварување на возила и основните услови кои мораат да ги исполнуваат уредите и опремата на возилата во сообраќај на патишта и истите редовно се одржуваат во исправна состојба и имаат соодветна дозвола за транспорт и собирање.

❖ Заштитни средства и опрема

За вработените кои постапуваат со отпад обезбедени се лични заштитни средства и опрема согласно прописите за безбедност при работа.

- **Водење евиденција**

Приемот на отпадот го врши одговорно лице, по приемот на отпадот лицето врши увид на придружната документација и води евиденција.
По приемот на отпадот, истиот се поставува до местото означено соодветно на видот на отпадот.

Фирмата води досие за секој примен отпад на локацијата во дневник за видот, количеството и потеклото на отпадот, привремено складираниот отпад, предадениот отпад на собирачот или транспортерот на отпад, отпадот кој е искористен или преработен од создавачите, отпад кој е предаден на други правни или физички лица кои преработуваат отпад, доколку преработувањето не е извршено од создавачот на отпад.

Евиденцијата на документацијата се прави во согласност на Законот за управување со отпад, како и соодветните Правилници: Правилник за содржината и начинот на водење, чување и одржување на евиденцијата во регистарот на отпад (Сл. Весник на Р. Македонија бр. 39/09), Правилник за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишни извештаи за постапување со отпад (Сл. Весник на Р. Македонија бр. 7/2006 год.).

Слика бр. II.2-1: Основа на Приземје



Слика бр. II.2-2: Основа на Кат 1



Слика бр. II.2-2: Основа на Кат 2 (Администрација)

II.3. ИНСТАЛИРАНА ОПРЕМА ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА

Спецификација на главната опрема за работа е дадена во Табелите бр. II.3-1, II.3-2 и II.3-3.

Табела бр. II.3-1: Опрема во производен процес кај ЕКСТРАКЦИЈА

Назив на опрема	Производен процес
Центрифугален екстрактор	Центрифугирање
Филтер систем	Филтрација
Falling film евапоратор	Евапорација
Систем за декарбоксилација	Декарбоксилација
Thin film евапоратор	Дестилација
Вага Sartoirus 6200g	Мерење на екстракти
Вага T-scale 20kg	Мерење на сув цвет од канабис

Табела бр. II.3-2: Опрема во производен процес кај ПРОИЗВОДСТВО

Назив на опрема	Производен процес
Вага Sartorius 2200g	Мерење на суровини
Вага Kern 16kg	Мерење на суровини
Хомогенизатор 10 L	Хомогенизација
Хомогенизатор 100L	
Полуавтоматска машина за полнење на раствори во шише	Полнење на раствори
Машина за затворање	Затворање на шишиња
Машина за етикетирање	Етикетирање на примарна амбалажа
Машина за полнење и затворање на кертриџи	Полнење и затворање на кертриџи

Табела бр. II.3-3: Дополнителна опрема што се користи во двете лаборатории, физичко-хемиската и микробиолошката, за вршење на дејноста или активноста

Физичко-Хемиска Лабораторија	**Микробиолошка Лабораторија**
Назив на лабораториска опрема	
Машина за перење на стаклен прибор	Автоматски Автоклав
Систем за филтрација под вакуум	Лабораториски фрижидер за чување референтни соеви
Комори за следење на стабилност	Лабораториски фрижидер за чување подлоги на 6˚C
Лабораториски фрижидер	Воздушен инкубатор
Комора за следење на фотостабилност	Воздушен инкубатор
PC за GC/M со печатач	MRC
Дата логер за температура и влага	Инкубаотр за сушење
Дигестор	Ламинарен кабинет
Халоген влагомер	Систем за вакуумска филтрација со СС држач за филстрација
Кабинет за испарливи и запалливи супстанции	Мешалка за хомогенизација
Лабораториско решо	Безбедносен горилник за гас во лабораторија
Microwave дигестор за припрема на примероци	Микроскоп
Микроскоп	B. Инкубатор 80 L
Блендер	Водена бања
MS-H-S магнетна мешалка	pH метар / кондуктометар
Центрифуга	Дата логер за температура
Микропипетор со променлив волумен	MRC
Vortex мешалка	Микропипетор
US бања	Pass box
Генератор за азот	
Печка за жарење	
Вакуум сушара	
Binder	
Центрифуга	
Мешалка за хомогенизација	
HPLC	
Аналитичка вага	
Лабораториски замрзнувач	
Karl Ficher титратор	
Прецизна вага DENSI со печатач	
спектрофотометар	

II.4. РАЗВОЈ И ИСТОРИЈАТ НА АКТИВНОСТИТЕ НА ЛОКАЦИЈАТА

НЈСК ХОЛДИНГ е фармацевтска компанија која спроведува најсовремена технологија и добро воспоставени научни методи за развој на безбедни, ефективни, таргетирани производи од канаби.

Фирмата е формирана 2016 година. Основна дејност на фирмата е одгледување на ароматични и лековити растенија (канабис) и производство на фармацевтски производи и препарати.

НЈСК ХОЛДИНГ е сертифицирана компанија со ISO: 9001, ISO: 14001, ISO: 17025, GACP, GMP и EU GMP (Good Manufacturing Practice).

Филозофијата на НЈСК ХОЛДИНГ е да го создаде врвот на линијата, иновативни ефективни лекови базирани на THC / CBD.

ПРИЛОГ III УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА ИНСТАЛАЦИЈАТА

III.1. УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА ИНСТАЛАЦИЈАТА

III.2.ОЦЕНКА ЗА ПОСТОЈНАТА СОСТОЈБА СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

III.1. Структура на управување со инсталацијата

Во НЈСК ХОЛДИНГдооел Скопје вработени се вкупно 112 работници.

Раководството на инсталацијата ја има определено структурата на организацијата и ги има распределено надлежностите, одговорностите и овластувањата во раководењето и извршувањето на работните обврски согласно Правилник за организација на работата и систематизација на работни места.

Раководниот тим во однос на животната средина посветува големо внимание со што влијанието врз животната средина е сведено на минимум.

Организационата поставеност во НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ Скопје е направена така што да може сите прашања во врска со целите и активностите во компанијата да се решаваат брзо, детално и ефикасно.

На Слика бр. III.1-1 и Слика бр. III.1-2 прикажана е шема на организационата структура на управување на НЈСК ХОЛДИНГ дооел Скопје.

Во целокупниот технолошки процес се применуваат стандарди со цел унапредување на квалитетот на производите.

Целата одговорност во поглед на примената на унапредувањето на животната средина ја има Генералниот директор кој понатаму ја насочува кон Одговорното лице за прашања од животната средина

Лице кое е одговорно за прашањата од животната средина е ГОРДАНА РИСТЕСКА.

Во рамките на делокругот на работењето на својот Сектор, покрај другото, таа извршува активности од аспект на заштита на животната средина како што се:

- Разработка и воведување на мерки насочени за исполнување на барањата на законодавството за почитување на стандардите и нормативите од областа на заштита на животната средина,
- Грижа за спроведување на законските прописи за заштита на животната средина;
- Изготвување на потребните извештаи од областа на заштитата на животната средина;
- Остварување на комуникација со инспекторите за животна средина и сите служби во Министерството за животна средина и просторно планирање;
- Изработка и учество во изработка на документи од областа на заштитата на животната средина, планови и програми со финансиска и временска рамка, за потребите на друштвото.

НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ Скопје поседува:

- Политика за квалитет и заштита на животна средина;
- Сертификат за управување со квалитет ISO 9001:2015;
- Сертифкат за управување со животната средина ISO 14001:2015;
- Дозвола за приватно обезбедување;
- Дозвола за производство и промет на активна супстанција во хербална форма-цветни плодни врвови на растението канабис, издадена од Агенција за лекови и медицински средства;
- Дозвола за производство на екстракти од канабис за медицински цели и течни и полуцврсти фармацевтски дозирани форми кои содржат екстракт од канабис за медицински цели (раствори и масла), издадена од Агенција за лекови и медицински средства;
- Одобрение за повластен корисник на акцизни добра - етанол 96% од Царинска Управа;
- Решение за давање на одобрение за одгледување на канабис, издадено од Министерство за здравство;
- Решение за давање на одобрение за сеење/садење на канабис за медицински цели, издадено од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
- Одобрение за набавување на оружје, издадено од Министерство за внатрешни работи;
- Сертификати од CUMSC;
- Сертификат за усогласеност со начелата на Добра Производна Пракса (GMP), издаден од Агенција за лекови и медицински средства (на македонски и англиски јазик);
- Сертификати за усогласеност со начелата на Добра Производна Пракса (EU GMP), издадени од Фармацевтски инспекторат во Полска;
- Сертификат за усогласеност со упатствата за добра земјоделска и собирна практика (Guideline on good Agricultural and Collection Practice-GACP) за почетни материјали од растително потекло, издаден од Еворпската агенција за лекови (European Medicines Agency-EMEA);
- Сертификат за Акредитација според стандардот за компетенција на лаборатории за тестирање и калибрација - МКС EN ISO/IEC 17025:2018, број на акредитација: ЛТ-088, издаден од Институт за акредитација на Република Северна Македонија - ИАРСМ.

Во продолжение на Прилогот дадени се Организационата шема, Политика за квалитет и Сертификатите за управување со квалитет и животна средина.

Организациона шема на НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ СКОПЈЕ



Слика бр. III.1-1 Шема на организационата структура на управување на НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ Скопје.

Политика за квалитет

NY SK HOLDING	**ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ И ЖИВОТНА СРЕДИНА**	Шифра: ОВ-018-ОК Верзија: 2 Датум: 12.06.2023

Во остварување на своите деловни активности **НЈСК ХОЛДИНГ** се обврзува да негува одговорен пристап кон побарањата на менаџментот, потрошувачите, вработените, добавувачите, животната средина општествената заедница.

За таа цел **НЈСК ХОЛДИНГ** воспостави ефективен интегриран систем за Управување со Квалитет и Животната средина, ориентиран кон:

- Исполнување на барањата на меѓународните стандарди ИСО 9001:2015, ИСО 14001:2015;
- Обезбедување на ресурси за одржување, континуирано подобрување и унапредување на воспоставениот интегриран систем за управување;
- Одговорно и навремено изведување на работните задачи и проекти;
- Поставување и остварување на високи цели, се со цел за да се обезбеди континуирано подобрување и исполнување на побарувањата на менаџментот како и на сите клиенти;
- Континуирано и ефективно извршување на обука и дообука на вработените, преку составување на добар, обучен и мотивиран тим;
- Развивање на институцијата, користејќи го знаењето и искуството на вработените, препознавајќи го нивниот придонес, како и обезбедување на опкружување во кое тие се мотивирани за остварување на сите свои можности и овластувања да работат во рамките на дефинираните одговорности;
- Обезбедување на здрава работна средина и тренинг на вработените со цел поттикнување на свесноста за квалитетот на работењето;
- Заштита на животната средина преку систем на мониторинг, со што превентивно ќе се делуваме кон исполнување на планираните аспекти, цели и задачи;
- Постојана контрола на имплементираниот интегриран систем за управување со квалитетот и заштита на животната средина преку процес на интерни и екстерни проверки;
- Создавање на коректни односи со менаџментот и купувачите, со тенденција за нивно унапредување и снабдување со квалитетни и безбедни производи и услуги;
- Соработка со надворешни организации и институции за позитивен придонес во развојот и унапредувањето на општествената заедница, како и зачувување и заштита на животната средина;
- Обезбедување на адекватни работни услови, здравствена заштита и заштита при работа;
- Исполнување на законската регулатива и легислатива;
- Идентификација и елиминирање на сите потенцијални ризици кои можат негативно да влијаат на производите, услугите, вработените, компанијата, заедницата, климатските промени и животната средина.

Датум: 13.06.2023

СОО
Сашо Стефаноски

Копии (на македонски и англиски јазик) од Сертификат EN ISO 9001:2015

ZERTIFIKAT | CERTIFICATE | CERTIFICAT | CERTIFICADO | СЕРТИФИКАТ | شهادة | 证书 | 인증서

СЕРТИФИКАТ

TÜV AUSTRIA

за Систем за Управување според EN ISO 9001:2015

Во согласност со процедурите на TÜV AUSTRIA, со ова се потврдува дека

ДПТУ НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ Скопје
Ул. „112“ бр.217 Којлија
1042 о. Петровец, Скопје
Република Северна Македонија

применува систем за управување во согласност со горенаведениот стандард за следниот опсег

Одгледување на растенија канабис за медицински цели; екстракција на масло од канабис за медицинска употреба; производство на фармацевтски производи база на канабис и канабиноиди.

Број на сертификатот 20100173003021

Валиден 2026-12-05
Иницијална сертификација: 2017-12-06

Сертификационо тело
TÜV AUSTRIA GMBH

Виена, 2023-12-08

Оваа сертификација е спроведена во согласност со процедурите на TÜV AUSTRIA за сертификација и проверка, и е предмет на редовни надзорни проверки.
TÜV AUSTRIA GMBH Deutschstraße 10 A-1230 Wien www.tuv.at

Online Verification

039773-23-1



ZERTIFIKAT | CERTIFICATE | CERTIFICAT | CERTIFICADO | СЕРТИФИКАТ | شهادة | 证书 | 인증서

CERTIFICATE

TÜV AUSTRIA

Management system as per
EN ISO 9001:2015

In accordance with TÜV AUSTRIA procedures, it is hereby certified that

NYSK HOLDINGS LLC Skopje
Str.112 no.217 Kjojlija
1042 Petrovec, Skopje
Republic of North Macedonia

applies a management system in line with the above standard for the following scope

Cultivation of plants cannabis for medical purposes and extraction of cannabis oil for medical use and manufacturing of pharmaceutical products that contains cannabis and cannabinoids.

Certificate Registration No. 20100173003021

Valid until 2026-12-05
Initial certification: 2017-12-06

Certification Body
at TÜV AUSTRIA GMBH

Vienna, 2023-12-08

This certification was conducted in accordance with TÜV AUSTRIA auditing and certification procedures and is subject to regular surveillance audits.
TÜV AUSTRIA GMBH Deutschstraße 10 A-1230 Wien www.tuv.at

Online Verification

039771-23-1

Копии (на македонски и англиски јазик) од Сертификат EN ISO 14001:2015

ZERTIFIKAT | CERTIFICATE | CERTIFICAT | CERTIFICADO | СЕРТИФИКАТ | شهادة | 证书 | 인증서

СЕРТИФИКАТ

TÜV AUSTRIA

за Систем за Управување според EN ISO 14001:2015

Во согласност со процедурите на TÜV AUSTRIA, со ова се потврдува дека

ДПТУ НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ Скопје
Ул. „112“ бр.217 Којлија
1042 о. Петровец, Скопје
Република Северна Македонија

применува систем за управување во согласност со горенаведениот стандард за следниот опсег

Одгледување на растенија канабис за медицински цели; екстракција на масло од канабис за медицинска употреба; производство на фармацевтски производи база на канабис и канабиноиди.

Број на сертификатот 20104173003022

Валиден 2026-12-05
Иницијална сертификација:
2017-12-06

Сертификационо тело
TÜV AUSTRIA GMBH

Виена, 2023-12-08

Оваа сертификација е спроведена во согласност со процедурите на TÜV AUSTRIA за сертификација и проверка, и е предмет на редовни надзорни проверки.
TÜV AUSTRIA GMBH Deutschstraße 10 A-1230 Wien www.tuv.at

Online Verification

039772-23-1



ZERTIFIKAT | CERTIFICATE | CERTIFICAT | CERTIFICADO | СЕРТИФИКАТ | شهادة | 证书 | 인증서

CERTIFICATE

TÜV AUSTRIA

Management system as per
EN ISO 14001:2015

In accordance with TÜV AUSTRIA procedures, it is hereby certified that

NYSK HOLDINGS LLC Skopje
Str.112 no.217 Kjojlija
1042 Petrovec, Skopje
Republic of North Macedonia

applies a management system in line with the above standard for the following scope

Cultivation of plants cannabis for medical purposes and extraction of cannabis oil for medical use and manufacturing of pharmaceutical products that contains cannabis and cannabinoids.

Certificate Registration No. 20104173003022

Valid until 2026-12-05
Initial certification: 2017-12-06

Certification Body
at TÜV AUSTRIA GMBH

Vienna, 2023-12-08

This certification was conducted in accordance with TÜV AUSTRIA auditing and certification procedures and is subject to regular surveillance audits.
TÜV AUSTRIA GMBH Deutschstraße 10 A-1230 Wien www.tuv.at

Online Verification

039770-23-1

Дозвола за приватно обезбедување

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

ДОЗВОЛА ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

ЗА СОПСТВЕНИ ПОТРЕБИ

Друштво за производство, трговија и услуги НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ Скопје
(назив на правно лице)

112 бр.217 ЌОИЛИЈА, Петровец
(седиште на правно лице)

Се издава за вршење на приватно обезбедување за сопствени потреби врз основа на приложената документација со која се докажува дека се исполнети условите од член 14 од Законот за приватно обезбедување.

122-86778/1
Број

20-09-2021
Место и датум

Министер
за внатрешни работи
Оливер Спасовски

Дозвола за производство и промет на активна супстанција во хербална форма-цветни плодни врвови на растението канабис, издадена од Агенција за лекови и медицински средства

Република Северна Македонија
Агенција за лекови и медицински средства

Republika e Maqedonisë së Veriut
Agjencia e barnave dhe pajisjeve mjekësore

Друштво за производство, трговија и услуги
НЈСК ХОЛДИНГ

Примено: 03 -06- 2021

Орг. Едн.	Број	Прилог:	Вредност:
03	980/1		

Агенцијата за лекови и медицински средства врз основа на член 65 став 3 алинеја 4 и член 69 став 3 од Законот за лековите и медицинските средства („Службен весник на Република Македонија", бр.106/07, 88/10, 36/11, 53/11, 136/11, 11/12, 147/13, 164/13, 27/14, 43/14, 88/15, 154/15, 228/15, 7/16, 53/16, 83/18, 113/18, 245/18 и „Службен весник на РСМ" бр.28/21), член 31 став 1, член 32, член 33 и член 34 од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции („Службен весник на РМ" бр. 103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16 и 193/17), а во врска со Листите за класификација на супстанции и растенија во листите од меѓународните конвенции за опојни дроги и психотропни супстанции во категорија на опојни дроги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија" бр 112/09, 56/14 , 87/16 и„Службен весник на РСМ" бр. 104/21), постапувајќи по барањето бр.18-3904/1 од 12.04.2021 година на Друштвото за производство, трговија и услуги НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ - Скопје за добивање на дозвола за производство и промет на активна супстанција во хербална форма-цветни плодни врвови на растението канабис , донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека Друштвото за производство, трговија и услуги **НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ** - Скопје, со седиште на ул. 112 бр. 217 во Ќојлија, Петровец, ги исполнува условите по однос на просторот, опремата и кадарот за вршење на дејноста **производство и промет на активна супстанција во хербална форма-цветни плодни врвови на растението канабис,** во производниот капацитет лоциран на истоимената адреса.

2. На Друштвото за производство, трговија и услуги НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ - Скопје, со седиште на ул. 112 бр. 217 во Ќојлија, Петровец се дава одобрение за производство и промет на активна супстанција од точката 1 од диспозитивот на ова решение, со **рок на важење од пет години** од денот на донесувањето на ова решение.

3. **Контролата на квалитет** (физичко-хемиско и микробиолошко испитување) на произведената активна супстанција од точката 1 од диспозитивот на ова решение ќе се врши во контролната лабораторија на Друштвото за производство, трговија и услуги НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ - Скопје, лоцирана на ул. 112 бр. 217 во Ќојлија, Петровец.

О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за производство, трговија и услуги НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ - Скопје, со седиште на ул. 112 бр. 217 во Ќојлија, Петровец, со ЕМБС 7142242, до Агенцијата за лекови и медицински средства поднесе барање бр.18-3904/1 од 12.04.2021 година, дополна на барање бр. 18-3904/3 од 19.05.2021 година дополна на барање бр. 18-3904/4 од 21.05.2021 година, дополна на барање бр. 18-3904/5 од 27.05.2021 година и дополна на барање бр. 18-3904/6 од 31.05.2021 година за добивање на одобрение за производство и промет на активна супстанција во хербална

Агенција за лекови и медицински средства Скопје
Agjencia e barnave dhe pajisjeve mjekësore Shkup
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, кат 1-ви 1000, Скопје, Република Северна Македонија
Rr. „Shën Kirili dhe Metodi" numër 54, kati i parë 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 5112-394
www.malmed.gov.mk

форма-цветни плодни врвови на растението канабис во производниот капацитет лоциран на истоимената адреса ул. 112 бр. 217 во Ќојлија, Петровец .

Кон барањето достави: доказ за платени административни трошоци, имотен лист, тековна состојба од Централен Регистар на РСМ, имотен лист, основен документ за целокупната производна локација (техничко-технолошки елеборат), дијаграм за фазите на производните процеси со точки на контрола, листа на стандардни оперативни постапки, список и документација за опремата во производството и контролната лабораторија со доказ за калибрација и квалификација на опремата, документи за вработен стручен кадар одговрен за за производство, контрола на квалитет и ставање на серија во промет (М1/М2 образец од Агенцијата за вработување на РСМ, договори за вработување, диплома за завршено високо образование од областа на фармација и уверение за завршена специјализација, потврди за неосудуваност и доказ за работно искуство).

Според член 65 став 3 алинеја 4 од Законот за лековите и медицинските средства одобрение за производство се издава за производство на активна супстанција.

Со член 68 од Законот за лековите и медицинските средства таксативно се утврдени условите кои треба да ги исполнува правното лице кое произведува лекови.

Со член 31 став 1 од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции е уредено дека супстанциите и растенијата класифицирани во листите II и III, како и нивните препарати е дозволено да се произведуваат и стават во промет од правни лица кои ги исполнуваат условите за вршење на производство на лекови согласно со прописите за лекови и имаат дозвола за производство и промет на супстанции класифицирани во листите II и III, како и нивни препарати.

Со член 32 ставови 1 и 2 од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции дозвола за производство и промет на супстанции и растенија класифицирани во листите II и III може да се издаде и за медицински, ветеринарни и научни цели, а по исклучок и за користење во индустријата, односно во стопанството ако подносителот на барањето обезбеди произведената стока да не биде злоупотребена и да не може да произведе штетни ефекти, како и контролираната супстанција која се користи како состојка да не може едноставно да се издвои. Дозволата може да се издаде само на правно лице кое има вработено лице со високо образование од областа на фармацијата (став 4), а дозвола за производство и промет на супстанции класифицирани во листите II и III, како и нивни препарати на правните лица од ставовите 1 и 2 на овој член ги издава Агенцијата за лекови и медицински средства (став 5).

Согласно член 33 од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции производство и промет на супстанции и растенија класифицирани во листите II и III се дозволени на опрема и во простории одобрени за таа намена, кои ги користи правно лице кое има дозвола за производство и промет на супстанции и растенија класифицирани во листите II и III.

Според член 34 став 2 од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции дозволата за производство и промет на супстанции и растенија класифицирани во листите II и III имаат рок на важење од пет години.

Овој орган го разгледа барањето со приложените докази и по извршениот увид во списите на предметот утврди дека врз основа на записникот бр. 18-3904/7 од 31.05.2021 година за извршен увид на лице место на ден 26.05.2021 година во предложениот објект лоциран на ул.

Агенција за лекови и медицински средства Скопје
Agjencia e barnave dhe pajisjeve mjekësore Shkup
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, кат 1-ви 1000, Скопје, Република Северна Македонија
Rr. „Shën Kirili dhe Metodi“ numër 54, kati i parë 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 5112-394
www.malmed.gov.mk

Република Северна Македонија
Агенција за лекови и медицински средства

Republika e Maqedonisë së Veriut
Agjencia e barnave dhe pajisjeve mjekësore

112 бр. 217 во Ќојлија, Петровец од страна на овластена Комисија за оценување на условите за добра производна пракса, добра контролна лабораториска пракса и добра лабораториска пракса при Агенцијата за лекови и медицински средства, согласно одредбите од Законот за лековите и медицинските средства, Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, Правилникот за содржината на барањето, документацијата и поблиските услови по однос на просторот,опремата и кадарот за добивање на одобрение за производство на лекови („Сл.весник на РМ" бр. 220/16 и 55/17), Упатството за начелата на добра производна пракса („Сл.весник на РМ" бр. 26/09) и Листите за класификација на супстанции и растенија во листите од меѓународните конвенции за опојни дроги и психотропни супстанции во категорија на опојни дроги и психотропни супстанции, Друштвото за производство, трговија и услуги НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ - Скопје, со седиште на ул. 112 бр. 217 во Ќојлија, Петровец, ги исполнува условите во однос на потребниот простор, опрема и кадарот (одговорно лице за производство Емилија Спасеска Алексовска дипл.фарм.специјалист по фармацевтска технологија, одговорно лице за контрола на квалитет Анета Илиева Стефаноска дипл.фарм.специјалист по испитување и контрола на лекови и одговорно лице за ставање на серија во промет Мирела Ристовска Младеновска дипл.фармацевт со работно искуство од областа испитување и контрола на лекови) за производство и промет на активна супстанција во хербална форма-цветни плодни врвови на растението канабис.

Врз основа на горе наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата за ова решение е наплатена по тарифен број 3 од Законот за административните такси („Службен весник на РМ", бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01 и 23/16).

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд - Скопје во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Решено во Агенција за лекови и медицински средства под бр. 18-3904/8 на 03.06.2021 година.

В.Д.ДИРЕКТОР / U.D. DREJTORI
Mr. farm.spec. Lirim Shabani

Изработил / Përgatiti :Љ.Атанасова, советник
Ј.А. Шаќири, овластено службено лице
Одобрил / Miratoi: М. Дончева, раководител на сектор

Доставено до:
- подносителот
- Агенција за лекови и медицински средства

Агенција за лекови и медицински средства Скопје
Agjencia e barnave dhe pajisjeve mjekësore Shkup
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, кат 1-ви 1000, Скопје, Република Северна Македонија
Rr. „Shën Kirili dhe Metodij" numër 54, kati i parë 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 5112-394
www.malmed.gov.mk

Дозвола за производство на екстракти од канабис за медицински цели и течни и полуцврсти фармацевтски дозирани форми кои содржат екстракт од канабис за медицински цели (раствори и масла), издадена од Агенција за лекови и медицински средства

Република Северна Македонија
Агенција за лекови и медицински средства

Republika e Maqedonisë së Veriut
Agjencia e barnave dhe pajisjeve mjekësore

Друштво за производство, трговија и услуги НЈСК ХОЛДИНГ Скопје

Орг. јед. 03 Бр. 1536/6

Доколку надлежни државни органи утврдат дека ПАКОМАК ДОО Скопје, по доставен годишен извештај за постапување со отпад од пакување не ги исполнил националните цели утврдени во чл. 21 од ЗУПОП тогаш за одговорноста и обврската за обезбедување ќе се применат одредбите од чл. 25 и чл.28 а в.в чл. 31 од ЗПОП.

ДОВЕРЛИВОСТ

Член 23

Согласно овој Договор, двете договорни страни се обврзуваат дека сите информациите кои ги обезбедиле врз основа на овој Договор, извештаите, ревизијата и ги обележале како доверливи нема да ги пренесуваат на било кое трето лице и ќе ги чуваат како деловна тајна и по раскинувањето на овој Договор.

Овие доверливи информации двете договорни страни можат да ги користат само во случај на спор пред надлежни државни органи.

ВАЖНОСТ И ВРЕМЕТРАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 24

Овој Договор се склучува на неопределено време. Истиот стапува на сила од денот на потпишување.

Со потпишувањето на овој договор престанува да важи досегашниот Договор за преземање на обврски за постапување со отпад од пакување склучен согласно Законот за управување со пакување и отпад од пакување - Сл.весник на РМ бр. 161/09 од 29.12.2009 год.

РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 25

Двете договорни страни имаат право едностранo да го раскинат Договорот во секое време, со доставување на писмено известување испратено на другата договорна страна 6 (шест) месеци пред бараниот датум на раскинување.

Овој Договор ќе биде раскинат со писмено известување за раскинување од страна на ПАКОМАК ДОО во секое време без дополнителен отказен рок во еден од следните случаи:

- ПРОИЗВОДИТЕЛОТ 6 месеци последователно не го плаќа надоместокот утврден во чл. 17 од овој Договор а согласно чл.38 ст. 8 од ЗПОП, за кое раскинување ПАКОМАК е доллжен веднаш да го извести стручниот орган како и да го објави на својата веб страна називот и седиштето на ПРИЗВОДИТЕЛОТ на кој му го раскинал договорот. Во тој случај ПРОИЗВОДИТЕЛОТ не смее да склучи договор за преземање на обврски за постапување со отпад од пакување со друг колективен постапувач во таа фискална година и е должен да го плати надоместокот за управување со отпад од пакување освен кон ПАКОМАК ДОО и кон државниот орган и тоа по цени утврдени во чл.35 ст.2 од ЗУПОП за согласно чл.38 ст.11 од ЗПОП.

- ПРОИЗВОДИТЕЛОТ 3 месеци последователно не доставува до ПАКОМАК ДОО Скопје месечни извештаи за видот и количината на отпадот од пакување пуштен на пазарот на РСМ согласно чл. 15 и чл.16 од овој Договор;

Овој Договор може да биде раскинат со писмено известување за раскинување од секоја од двете договорни страни во секое време без дополнителен отказен рок доколку другата договорна страна стане платежно неспособна (во случај на стечај или ликвидација), а по претходно намирување на сите обврски согласно овој договор.

Член 26

Во случај на раскинување на овој Договор без оглед како е предизвикано, ПРОИЗВОДИТЕЛОТ е должен да ги подмири сите финансиски обврски спрема ПАКОМАК ДОО Скопје, настанати за времетраењето на овој Договор.

ОДВОИВОСТ

Член 27

Во случај некој дел од овој Договор да биде прогласен за неважечки, неправосилен или на друг начин неспроведлив од страна на надлежен суд, таквиот дел ќе се интерпретира на начинот кој е најблизок до неговата првобитна намера, а е спроведлив, или ако тоа не е можно ќе се смета дека е одвоен од овој Договор и дека како таков нема на никаков начин да го нарушува или да го засега остатокот од овој Договор, за кој договорните страни се согласуваат дека инаку би останал во полна сила и дејство.

ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 28

Промени и дополнување на овој Договор може да се направат со Анекс во писмена форма со взаемна согласност на договорните страни.

Член 29

Сите идни измени и дополнувања на Законот кои директно влијаат на правата и обврските на двете договорни страни на овој Договор ќе бидат автоматски имплементирани во овој Договор, за што се согласни и двете договорни страни.

ВАЖЕЧКО ПРАВО И РАЗРЕШУВАЊЕ НА СПОР

Член 30

Секоја ситуација која не е покриена со овој Договор ќе биде разрешена согласно позитивните законски прописи важечки во Република Северна Македонија.

Член 31

Секој спор што ќе произлезе од или во врска со овој Договор, договорните страни ќе се обидат најпрво да го разрешат спогодбено со меѓусебни преговори.

Доколку тоа биде невозможно двете договорни страни имаат право да го префрлат спорот на решавање во Основен Граѓански суд Скопје .

Член 32

Договорот е составен во 4 (четири) идентични примероци, од кои по 1 (еден) за договорните страни а другите 2 (два) за службени потреби.

ДОГОВОРНИ СТРАНИ:

ПАКОМАК ДОО Скопје

ПРОИЗВОДИТЕЛ

Друштво за управување со пакување и отпад од пакување ПАКОМАК ДОО Скопје

бул. Партизански Одреди, Порта Влае блок 4, Скопје, Р.С.Македонија

Ж-сметка: **250-001002708705** Депонент: **Шпаркассе банка** АД Скопје, ДДВ: **МК4057010510526**

ПРИЛОГ 1

	Надоместоци 2021	во ЕУР/тон
	Тип на отпад	
1	Хартија/Картон	
2	Пластика	
3	Стакло	
4	Останат метал	
5	Алуминиум	
6	Композитни материјали	
7	Дрво	

1 ЕУР = 61,6 денари.

* Надоместоците се без вкалкулиран ДДВ од 5%.

	Надоместоци 2022	во ЕУР/тон
	Тип на отпад	
1	Хартија/Картон	
2	Пластика	
3	Стакло	
4	Останат метал	
5	Алуминиум	
6	Композитни материјали	
7	Дрво	

1 ЕУР = 61,8 денари.

* Надоместоците се без вкалкулиран ДДВ од 5%.

** Во случај на девалвација, ПАКОМАК ДОО го задржува правото на соодветна корекција на курсот на еврото.

за ПАКОМАК ДОО:

за ПРОИЗВОДИТЕЛОТ:

Договор за снабдување со вода за пиење со ЈКП Водовод н. Илинден

НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ
03-659/1
19-04-2021
СКОПЈЕ

Јавно комунално претпријатие
Бр. 03-715
19.04.21

Врз основа на одредбите од член 5 став 2 и член 48 Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Сл.весник на РМ“ бр.68/05, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15, 31/16) и член 18 од Законот за комуналните дејности („Сл.весник на РМ“ бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16), на ден 19.04.2021 година се склучи следниот

ДОГОВОР
за снабдување со вода за пиење

1. ЈКП „ВОДОВОД“ н.Илинден, со седиште на ул.“9“ б.б. нас.Илинден, со ЕМБС 6382100, ЕДБ МК 4030008037559, застапувано од овластено лице Директор Марјан Милошевски, како Давател на услугата (во понатамошниот текст од договорот-Давател на услуга), и

2. Друштво за производство, трговија и услуги НЈСК ХОЛДИНГ дооел, со седиште на ул. “112“ бр. 217 Ќојлија, Петровец, со ЕМБС 7142242, со ЕДБ 4058016525092 со жиро сметка: 200003061969892, Депонент банка Стопанска Банка Скопје, email: info@nyskholding.com; за стапувано од овластено лице Златко Кесковски, како Корисник на услугата (во понатамошниот текст од договорот – Корисник на услугата).

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е регулирање на меѓусебните односи и правата и обврските помеѓу Давателот и Корисникот на услугата – за дистрибуција и снабдување со вода за пиење на вода за пиење, начинот на плаќање, како и другите права и обврски кои произлегуваат од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води и Законот за комуналните дејности, за водоводниот приклучок сопственост на Корисникот на услугата лоциран на

ул. “112“ бр.217 н.м. Ќојлија

Количината на потрошената вода за пиење, ќе се мери со водомер:

број	марка	димензија	состојба	
35344740	апатор	Ø3/4	0632	Х.В.
17345082	повогаз	Ø80	0433	Х.В.

ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДАВАТЕЛОТ НА УСЛУГАТА

Член 2

Давателот на услугата се обврзува во однос на снабдувањето со вода за пиење да обезбеди :

- Достапност на доволни количества здравствено исправна и чиста вода за пиење за потребите на корисникот на услугата, согласно со барањата, стандардите и вредностите за квалитет на водата и трајно и неприкинато снабдување со здравствено исправна и чиста вода за пиење преку за фаќање, обработка и дистрибуција на водата преку водоснабдителниот систем до главниот водомер на корисникот на услугата, освен во случаите регулирани со закон (оштетување на водоснабдителниот систем поради виша сила, поголеми хаварии и дефекти, недоволна периодична издашност на изворишта, здравствена неисправност на водата за пиење и прекин во снабдувањето со електрична енергија каде што давањето на услугата е зависно од истата).
- Да го информира корисникот на услугата за нарушувањето или прекинот во давањето на услугата, согласно со закон.
- Да го чита водомерот на корисникот на услугата секој месец во текот на годината со воспоставена евиденција на давателот на услугата и да доставува фактури – сметки за месечната потрошувачка секој месец преку овластен работник на ЈКП "Водовод" н.Илинден;
- Да го одржува водоводниот приклучок на корисникот на услугата и тоа : водоводната инсталација до водомерна шахта вклучувајќи го и првиот вентил пред водомерот.

ПРАВА И ОБВРСКИ НА КОРИСНИКОТ НА УСЛУГАТА

Член 3

Корисникот на услугата се обврзува да обезбеди:

- Непречен, несметан и континуиран пристап на овластен работник на давателот на услугата, заради читање на водомерите и одржување на водоводниот приклучок, како и за контрола на исправноста на водоводната мрежа и други уреди чија неисправност може да предизвика штета на јавната водоводна мрежа;
-Редовно да ја одржува внатрешната водоводна инсталација, водомерната шахта или местото каде е поставен водомерот, како и истиот да го заштити од механички и други оштетувања;
-Над и покрај водомерната шахта во пречник од најмалку три метри да не депонира каков било материјал со кој би се оневозможило нејзина употреба и користење;
-Корисникот на услугата е должен веднаш, а најдоцна во рок од 3 дена, по откривањето на секаков дефект што ќе настане на водоводниот приклучок и водоводната шахта, како и за сите измени кои влијаат на начинот на водоснабдувањето или пресметката на потрошената вода, да го извести давателот на услугата, особено за: неисправен водомер (закочен, стопен, скршено стакло, оштетена пломба, механичко оштетено куќиште и сл.), за промена на сопственоста и користењето на објектот и сл.;

- Корисникот на услугите е должен и се обврзува дека редовно ќе ги плаќа месечните фактури - сметки за извршената услуга (за потрошената вода за пиење).

Член 4

Приклучувањето на водоводната мрежа, отварање и затварање на арматурата од двете страни на водомерот, местење, монтирање и демонтирање, чистење, поставување и замена на водомерните делови на водомерите на корисникот на услугата го врши исклучиво давателот на услугата.

Давателот на услугата е должен да врши преглед и верификација на водомерите од од член 1 на овој договор согласно Законот за метрологија („Сл.весник на РМ" бр.55/02). Прегледот и баждарењето на водомерот паѓаат на товар на давателот на услугата.

ЦЕНА НА УСЛУГАТА, НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 5

Плаќањето за извршената услуга ќе се врши по доставена фактура - сметка за месечната потрошувачка на вода (врз основа на состојбата регистрирана на водомерите од член 1 на овој договор) секој месец, а цената за секој кубен метар потрошена вода за пиење се определува во согласност со чл.6 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, односно цената ја утврдува давателот на услугата, по претходна согласност на основачот, во висина определена со одлука/решение на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Ако со водомерот од различни причини не може да се утврди стварната потрошена количина на вода, до поставување на исправен водомер, пресметката и наплатата пресметката и наплатата ќе се врши врз основа на годишната просечна потрошувачка пред констатирањето на неисправноста на водомерот. Во овој случај корисникот на услугата на сопствена сметка е должен во рок од еден месец да обезбеди исправен водомер, а доколку не го стори тоа давателот на услугата на сметка на корисникот на услугата ќе постави исправен водомер.

УСЛОВИ ЗА ПРЕКИН НА УСЛУГАТА

Член 6

Давателот на услугата има право на корисникот да му го прекине снабдувањето со вода за пиење во случај кога корисникот на услугата и по претходна писмена опомена не ја исполнува обврската за плаќање на надоместокот, како и во сите други случаи утврдени и регулирани со Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води. Трошоците за прекинот и исклучувањето од водоснабдителниот систем во овој случај, како и за повторното приклучување на корисниот на системот, паѓаат на товар на корисникот на услугата.

Во согласност со одредбите од член 18 ст.3 од Законот за комуналните дејности, давателот на услугата може привремено да му ја ограничи услугата на корисникот, ако истата ја користи ненаменски или комуналната услуга ја користи преку дозволениот обем или спротивно на одредбите од Одлуката за комунален ред.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 7

За се што не е регулирано со одредбите на овој договор, ќе се применуваат одредбите предвидени во Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Законот за комуналните дејности, Законот за облигациони односи и останатите позитивно правни законски и подзаконски прописи кои ја регулираат предметната материја.

Член 8

Овој договор се склучува со важност на неопределено време.
Измени и дополнувања на овој договор се вршат исклучиво со Анекс кон истиот, склучен во писмена форма и потпишан од двете договорни страни.

Член 9

Во случај на спор по овој договор, договорните страни ќе се обидат да го решат спогодбено, а во спротивно надлежен е Основниот суд во Скопје.

Член 10

Овој договор е составен во 3 (три) еднообразни примероци, од кои два за давателот на услугата и еден за корисникот на услугата.

ДОГОВОРНИ СТРАНИ

КОРИСНИК НА УСЛУГИТЕ
Д.П.Т.У. "НЈСК ХОЛДИНГ" дооел
Директор
Златко Кесковски

ДАВАТЕЛ НА УСЛУГИТЕ
ЈКП „ВОДОВОД" н.Илинден
Директор
М-р Марјан Милошевски дипл. маш. инж

Договор за одржување БМС (Building Management System) и Систем за дојава на пожар со НАЛКО СИСТЕМИ ДООЕЛ СКОПЈЕ

НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ
Бр. 03-854/1
05-06-2023 год.
СКОПЈЕ

ДОГОВОР

За одржување на БМС(Building Management System) и Систем за дојава на пожар

Склучен во Скопје, на ден 05.06.2023 година, помеѓу следните Договорни страни:

1. **Друштво за производство, трговија и услуги НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул.„Борис Трајковски“ бр.73 Скопје - Кисела Вода и ЕМБС: 7142242, застапувано од управителот Сашо Стефаноски од Скопје (во натамошниот текст: **Нарачател на работите**) и

2. **НАЛКО СИСТЕМИ ДООЕЛ Скопје**, со седиште на бул. 8ми Септември бр. 4/3 локал 1, Скопје со ЕМБС: 4246039 и ЕДБ: 4030991175114 претставуван од управителот Славе Черепналковски (во натамошниот текст: **Изведувач на работите**)

Предмет на договорот:

Член 1

Одржување, сервисирање и понатамошен развој и надградба на веќе инсталиран **БМС (Building Managment system).**

Член 2

Замена на истрошени и расипани компоненти вон гарантен рок, нивна евентуална поправка, надвор од редовните квартални прегледи (во продожение- дополнителни работи) ќе ги извршува **Изведувачот** по доставена понуда и писмено барање од **Нарачателот.**

Цена:

Член 3

Вредноста на овој договор изнесува денари без ДДВ, ДДВ од 18% во износ од денари или вкупно со ДДВ износ од денари на годишно ниво односно денари без ДДВ, ДДВ од 18% во износ од денари или вкупно со ДДв износ од денари на квартално ниво.

Член 4

Во центаа од Член 3 се вклучени

- 4 прегледи годишно во трање од 1 ден со 2-ца извршители од страна на **Изведувачот**,
- Телефонски и e-mail конслутации во текот на цела година.
- Повик за дефект со одзив од максимално 12 часа.

Член 5

Новоинсталираните делови и опрема се фактурираат посебно, по веќе договорена цена од страна на двете страни.
Листа на резервни делови е прилог на овој договор.

Член 6

Повик за дефект ќе се наплаќа по следнава формула:

/час по извршител + патни трошоци (Х Број на поминати КМ х цената на горивото)

Рокови:

Член 7

Рок за одзив на повик за дефект од страна на **Изведувачот** е најмногу 12 часа.

Член 8

Гарантен рок за извршените услуги е 12 месеци од пуштањето на работата, додека за употребените делови согласно со гарантните рокови на производителот.

Услови за плаќање:

Член 9

Плаќањето на цената од член 3 од овој договор **Нарачателот** ќе ја подмири во рок од 30 дена од приемот на оргиналната фактура. Месечна фактура **Изведувачот** ќе ја достави на почетокот на месецот.

Обврски на Извршителот:

Член 10

Извршителот се обрзува да изврши тестирање на секоја **Сименс** компонента/еднаш во текот на годината) и изготви соодветни **"Check"** листи во текот на годината по динамички план предложен од страна на **Изведувачот** и прифатен од страна на **Нарачателот**.

Член 11

Извршителот се обврзува да изврши тестирање на функционалноста на секоја Клима Комора и Постројка подржувана од БМС системот во текот на годината по динамички план предложен од страна на **Извршителот** и прифатен од страна на **Нарачателот.**

Член 12

Извршителот е должен да дава предлози за унапредување и развој на системот, и за секоја извршена работа да доставува извештај до Нарачателот кој е воедно и гаранција за завршената работа.

Член 13

Извршителот е должен да дава предлози за унапредување енергетската ефикасност на објектот.

Обврски на Нарачателот:

Член 14

Нарачателот се обврзува да му обезбеди пристап на Извршителот до сите простории каде ќе се одвиваат работите по предмет на овој договор.

Член 15

Нарачателот се обврзува да изврши плаќање на фактурите од овој договор во рок од 45 дена.

Општи одредби:

Член 16

За се што не е предвидено со овој договор важат одредбите од законот за Облигациони односи.

Член 17

Со склучување на овој Договор, договорените страни се согласуваат сите меѓусебни спорови да ги решаваат спогодбено и во духот на добрите деловни односи, а во случај да тоа не е можно, спорот го решава надлежниот суд во Скопје.

Член 18

Овој договор е составен во 4 (четри) еднообразни примерици, од кои по 2 (два) за секоја договорена страна.

НАРАЧАТЕЛ	**ИЗВРШИТЕЛ**
НЈСК ХОЛДИНГ	**Налко Системи-Скопје**
Управител	Управител
Сашо Стефаноски	Славе Черепналковски

Договор за набавка, транспорт и монтажа на опрема за вентилација, климатизација и регулација на притисок со УНИТИМ ДООЕЛ СКОПЈЕ

Друштво за производство, трговија и услуги
НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ
Бр. 03-956/1
01-06-2021 год.
СКОПЈЕ

Друштво за услуги, градежништво, трговија и услуги УНИТИМ ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 3721
1.06 20 21 год.
СКОПЈЕ

ДОГОВОР

за набавка, транспорт и монтажа на опрема за вентилација, климатизација и регулација на притисок

Склучен на 01.06.2021 година, помеѓу

1 Друштво за производство, трговија и услуги НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ Скопје, ул. 112, бр.217, Индустриска зона Ќојлија, Петровец, Скопје, со жиро сметка 200003061969892 депонент на Стопанска банка АД Скопје, со ЕДБ МК4058016525092 и ЕМБС 7142242, застапувано од Управител Златко Кесковски, (во понатамошниот текст како **Нарачател**) и

2. Друштво за услуги, градежништво, трговија и производство УНИТИМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на ул. 1511 бр.10 лок.4 , со ЕМБС 5595398 застапувано од Управител Тони Бошковски од Скопје, (во понатамошниот текст: **Извршител**)

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР

Член 1

Предмет на овој Договор е набавка, транспорт и монтажа на опрема за вентилација, климатизација и регулација на притисок за дел екстракција за потребите на Нарачателот во дел екстракција во објект на ГП 2.17, формирана на КП 159/19 КО Чојлија, мултифункционална зона Ќојлија во Општина Петровец, согласно Понуда број 3721 од 01.06.2021 година од Извршителот, прифатена од Нарачателот, составен дел на овој Договор.

ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОР

Член 2

Вкупната вредност на овој Договор изнесува денари без ДДВ, согласно прифатената Понуда бр. 3721 од 01.06.2021 година, доставена од Извршителот.

Напомена: Пренесување на даночна обврска која нема да биде наплатена согласно член 32-а став1 точка 1 од Законот за ДДВ.

НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

Член 3

Договорните страни се согласни за изведување на услугите, односно за набавка, транспорт и монтажа на опрема за вентилација, климатизација и регулација на притисок, предмет на овој договор, Нарачателот да му плати на Извршителот вкупен износ од денари без вклучен ДДВ, по издадени фактури од страна на Извршителот.

1

Член 4

Договорните страни се договорија за следниот начин на плаќање:

- Уплата на аванс по издавање на авансна фактура бр.44/2021 од 01.06.2021 година од страна на Извршителот, на вкупен износ од) денари (со пренос на ДДВ 18%),

- Останатиот износ од вкупната вредност на Договорот во износ од денари ќе биде платен по завршување на услугата, предмет на овој Договор.

Договорните страни се согласни плаќањето на износот предвиден во член 3 од овој Договор, Нарачателот да го врши по издавање на фактури од страна на Извршителот , а по изготвени временски месечни ситуации од страна на Извршителот, согласно реално изведени количини дадени во градежната книга која треба да биде потпишана од двете договорни страни и согласно единечните цени од Понудата.

НАЧИН И РОК НА ВРШЕЊЕ НА УСЛУГАТА

Член 5

Извршителот е должен сите работите, предмет на овој Договор, да ги врши навремено,не подоцна од 30 дена.

Извршителот е должен услугата, предмет на овој Договор, да ја врши согласно важечките технички прописи и стандарди кои важат за ваков вид услуга и според македонските стандарди кои се во согласност со европските стандарди и да гарантира за квалитетот на извршените работи.

Член 6

Во случај на појава на дополнителни работи, вишоци и непредвидени работи, потребно е пред изведба да бидат потврдени од страна на надзорен орган и за истите да биде информиран Нарачателот.

Доколку дополнителните работи, вишоци и непредвидени работи се во износ помал од 10% од вредноста на Договорот, договорните страни се согласија да не се склучува Анекс кон Договорот, но претходно да бидат потврдени од страна на надзорен орган и за истите Нарачателот да даде претходна согласност.

Доколку дополнителните работи, вишоци и непредвидени работи се во износ поголем од 10% од вредноста на Договорот, договорните страни се согласија да се склучи Анекс кон Договорот, претходно да бидат потврдени од страна на надзорен орган и за истите Нарачателот да даде претходна согласност.

Член 7

Нарачателот има обврска да овласти лице за контакт, координација и потпишување на градежен дневник и градежна книга и истото да го стави на располагање на Извршителот.

Член 8

Извршителот се обврзува да овласти стручно лице кое ќе биде одговорно за водење на целокупната работа која е предмет на овој договор, односно ќе обезбеди лице за контакт и потпишување на дневни извештаи и Записници, кое лице ќе биде на располагање на Нарачателот.

Член 9

Извршителот е должен да обезбеди услови за работа, да ги обезбеди сите стандарди за заштита при работа –ХТЗ опрема, како и да обезбеди потребен алат, потрошен и помошен материјал за изведување на работите , предмет на овој договор.

НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

Член 10

Доколку Извршителот доцни во вршењето на услугите, согласно рок утврден во член 5 од овој Договор, Нарачателот ќе му остави дополнителен рок од 5 дена, односно рок разумен согласно потребата, прифатен од двете договорни страни.

Во случај на доцнење со извршување на услугите од страна на Извршителот и по дополнителниот оставен рок, Извршителот е должен на Нарачателот да му плати договорна казна-пенали. Договорната казна-пенали изнесува 3% за секој ден доцнење од вкупната вредност на Договорот.

Доколку извршувањето на услугата, предмет на овој Договор, доцни и по истекот на дополнително оставениот рок, како и доколку во текот на извршувањето на работите, Нарачателот утврди дека работите се извршуваат неквалитетно или неоправдано се одолговлекува или на било каков начин влијае на процесот на производство, истиот има право да го раскине Договорот со проста изјава за раскинување и за задржување на правото на договорна казна во висина од 20% од вредноста на Договорот и надомест на штета. Во овој случај, Нарачателот го задржува правото да избере друг Извршител на работите, а за истото да му биде наплатено на Извршителот, договорна страна на овој Договор.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 11

Измени и дополнувања на овој Договор, можат да се вршат само со согласност на двете договорни страни и тоа со Анекс на овој Договор.

Член 12

Договорните страни се согласни дека договорот нема да подлежи на едностране раскинување без взаемна согласност, освен во случај на неисполнување на обврските предвидени со овој Договор. За се што не е опфатено со овој Договор, важат одредбите од Законот за облигациони односи и другите позитивни законски прописи.

Член 13

Извршителот се обврзува да ги чува како тајна и нема да ги направи достапни за трети лица, податоците кои потекнуваат од Нарачателот или се однесуваат на Нарачателот, а со кои Извршителот се запознал во текот на извршување на Договорот.

Член 14

Овој Договор се склучува за период од 1 година, сметано од денот на потпишување, со тоа што по истекот на тој рок, може да биде продолжен само со заедничка согласност на двете договорни страни со потпишување на Анекс на овој Договор или со нов договор.

Член 15

Во случај на спор договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено. Доколку спорот не се реши спогодбено, истиот ќе го решава надлежниот суд во Скопје.

Член 16

Овој договор е склучен во 4 (четири) еднакви примероци, од кои по 2 (два) за секоја Договорна страна.

Нарачател	**Извршител**
НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ Скопје	УНИТИМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје
Управител	Управител
Д-р Златко Кесковски	Тони Бошковски

4

Договор за одржување на машински инсталации и опрема со УНИТИМ ДООЕЛ СКОПЈЕ

НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ
Бр. 03-1103/1
28-06-2021 год.
СКОПЈЕ

Бр. 4921
1.07 2021 год.
СКОПЈЕ

ДОГОВОР
за одржување на машински инсталации и опрема

Склучен на 28.06.2021 година, помеѓу

1.Друштво за производство, трговија и услуги НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ Скопје, ул.112 бр.217, Ќолија, Петровец, со ЕМБС 7142242, застапувано од Управител Златко Кесковски како прва договорна страна (во понатамошниот текст: **Нарачател**) и

2.Друштво за услуги, градежништво, трговија и производство УНИТИМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со седиште на ул. 1511 бр.10 лок.4, со ЕМБС 5595398 застапувано од Управител Тони Бошковски од Скопје, како втора договорна страна (во понатамошниот текст: **Извршител**)

Член 1

Со овој договор, договорните страни воспоставуваат деловна соработка во врска со редовно одржување на машински инсталации и опрема за потребите на Нарачателот за објект на ГП 2.17, формирана на КП 159/19 КО Чојлија, мултифункционална зона Ќојлија во Општина Петровец, согласно Понуда за одржување и сервисирање на опрема во машинска сала (водена страна) бр.4921.1 од 28.06.2021 година и Понуда за одржување и сервисирање на клима комори (воздушна страна) бр.4921.2 од 28.06.2021 година, прифатени од страна на Нарачателот кои се составен дел на овој Договор.

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР

Член 2

Предмет на овој договор е услуга за редовно одржување на машински инсталации и опрема од страна на Извршителот, а согласно Понуда за одржување и сервисирање на опрема во машинска сала (водена страна) бр.4921.1 од 28.06.2021 година и Понуда за одржување и сервисирање на клима комори (воздушна страна) бр.4921.2 од 28.06.2021 година, доставени од Извршителот, прифатени од страна на Нарачателот, составен дел на овој Договор.

Составен дел на Понудата за одржување и сервисирање на опрема во машинска сала (водена страна) бр.4921.1 од 28.06.2021 година се: План за одржување - Regular Maintenance of Trane chillers и План за одржување, кој е изведен од Trane технологијата препорачана за одржување на чилери и топлински пумпи прилагодена на потребите на Нарачателот.

Член 3

Договорните страни се запознаени и согласни со услугите за редовното одржување на машинските инсталации и опремата кои ќе бидат извршени од страна на Извршителот согласно Понуда за одржување и сервисирање на опрема во машинска сала (водена страна) бр.4921.1 од 28.06.2021 година, Понуда за одржување и сервисирање на опрема во машинска сала (водена страна) бр.4921.1 од 28.06.2021 година, План за одржување - Regular Maintenance of Trane chillers и Планот за одржување, кој е изведен од Trane технологијата препорачана за одржување на чилери и топлински пумпи прилагодена на потребите на Нарачателот.

Услугите кои се предмет на овој Договор особено опфаќаат, а не ограничувајќи се на:

- Визуелна контрола на ладилници (штети, протекување, кондензација)
- Проверка на хидраулично склопување
- Проверка на нивото на маслото од компресорот

1

- Проверка на електрични склопувања/елементи (безбедносни елементи, контактори, транформаторска единица, фазни монитори)
- Аквизиција и анализа на работните параметри и историски оперативни податоци на ладилници
- Пад на притисокот и проверка на проток
- Проверка на функционалноста на сензорите и безбедносните прекинувачи
- Грејачи на масло за компресори, хидраулични грејачи на склопување, проверка на грејачи на испарувачот
- Проверка на вентилаторот
- Компјутерска анализа на оперативни параметри ТракерТУ
- Споредба на работните параметри засновани на параметрите за стартување на ладилникот
- Презентација на состојбата на системот и оперативниот статус на операторот на самото место и предавање на запис за преглед
- Вклучување или исклучување засновано врз реални барања на клиентот за ладење
- Проверка на затегнатоста на ладилото на ладилникот и на фреонот
- Висок притисок за чистење на разменувачот на топлина на кондензаторот (се однесува на ладилници со воздушно ладење)
- Одржување на котлара и водена страна
- Одржување на комори – филтри и УВ Лампи

ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОР

Член 4

Договорните страни се согласни Нарачателот да му исплати на Извршителот вкупна проценета вредност во износ не поголем од _____ денари без вклучен ДДВ за редовното одржување на машинските инсталации и опремата согласно единечни цени предвидени во Понуда за одржување и сервисирање на опрема во машинска сала (водена страна) бр.4921.1 од 28.06.2021 година и Понуда за одржување и сервисирање на клима комори (воздушна страна) бр.4921.2 од 28.06.2021 година, а по издадени месечни фактури со единечна и вкупна цена на извршена услуга од страна на Извршителот и доставените месечни Извештаи од страна на Извршителот, а по извршен надзор и контрола од стручно овластено лице определено од страна на Нарачателот.

Составен дел на овој Договор претставува и Понудата бр.4921.3 од 28.06.2021 година, прифатена од страна на Нарачателот која содржи вредност на паушал за вложување во опрема и кадар на Извршителот, изразен во износи за секоја година, поделен на 12 месеци, а не повеќе износ од 21.390.000,00 денари за времетраење на Договорот, која вредност Нарачателот ќе ја плаќа по издадени месечни фактури.

Доколку, за времетраење на договорот од страна на Извршителот се извршат дополнителни услуги комплементарни на редовното одржување на опремата, Извршителот се обврзува веднаш за тоа да го извести Нарачателот. Извршителот ќе пристапи кон извршување на овие услуги, само по претходно одобрување од страна на Нарачателот.

Нарачателот се обврзува да му исплати паричен надоместок на Извршителот согласно ценовникот и условите предвидени за дополнителни услуги комплементарни на редовното одржување наведени во Понудата за одржување и сервисирање на опрема во машинска сала (водена страна) бр.4921.1 од 28.06.2021 година.

2

НАЧИН И РОК НА ВРШЕЊЕ НА УСЛУГАТА

Член 5

Извршителот е должен да достави План за редовни контроли и одржување со позиции и количини кои треба да се изведат, со утврдени активности и рокови за вршење на услугата, предмет на овој Договор.

Извршителот е должен услугата предмет на овој Договор, да ја врши совесно и квалитетно, според описот и природата на услугата, во согласност со нормативите и стандардите за овој вид на услуга, како и да постапува и да ги спроведува непосредните барања на Нарачателот.

Извршителот се воведува во извршување на услугата, предмет на овој Договор, по претходно доставен План за редовни контроли и одржување со позиции и количини кои треба да се изведат. Овој План претставува составен дел на овој Договор.

Извршителот е должен да ја извршува услугата, предмет на овој договор, и тоа преку вршење на редовни контроли и одржување, дополнителни контроли и одржување, како и вонредни интервенции при итни случаи, на следниот начин:

- Редовни контроли и одржување

- Редовните контроли и одржувањето на машински инсталации и опрема ќе бидат извршени од страна на Извршителот согласно планот од став 1 на овој член, а по претходна најава кај овластено лице определено од страна на Нарачателот,
- За редовните контроли и одржување на машинските инсталации и опремата, Извршителот му доставува на Нарачателот месечни писмени Извештаи,

- Доколку во текот на редовните контроли се појават определени недостатоци или неправилности, договорната страна која го увидела овој недостаток е должна да ја извести веднаш другата договорна страна, а Извршителот е должен без одлагање веднаш да го отстрани во рок кој нема да влијае на процесот на производство,

- Дополнителни контроли и одржување

- Доколку за времетраење на овој Договор се утврди потреба од дополнителни интервенции кои не се предвидени во Планот за редовни контроли и одржување, Извршителот истите ќе ги изврши веднаш без одлагање по претходна согласност од страна на Нарачателот,

- Вонредни интервенции при итни случаи

- Вонредните интервенции при итни случаи потребно е да бидат извршени по повик од овластено лице на Нарачателот и тоа веднаш без одлагање и тоа во работен ден, викенд или празник за времетраењето на важноста на овој Договор.

Извршителот му гарантира на Нарачателот дека редовното одржување на машинските инсталации и опремата ќе биде извршено од страна на тројца стручни лица, односно соодветен број на стручни лица согласно потребата, кои ќе ги обезбеди Извршителот.

НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

Член 6

Доколку Извршителот доцни во вршењето на услугата, согласно Планот, Нарачателот ќе му остави дополнителен рок од 5 дена, односно рок разумен согласно потребата, прифатен од двете договорни страни.

Во случај на доцнење со извршување на услугата од страна на Извршителот и по дополнителниот оставен рок, Извршителот е должен на Нарачателот да му плати договорна казна-пенали. Договорната казна-пенали изнесува 2% за секој ден доцнење од вкупната вредност на Договорот, а согласно Планот.

Доколку извршувањето на услугата предмет на овој Договор, доцни и по истекот на дополнително оставениот рок, како и доколку во текот на извршувањето на услугата, Нарачателот утврди дека услугата се извршува неквалитетно или неоправдано се одолговлекува или на било каков начин влијае на процесот на производство, истиот има право да го раскине Договорот со проста изјава за раскинување и за задржување на правото на договорна казна во висина од 10% од вредноста на Договорот и надомест на штета. Во овој случај, Нарачателот го задржува правото да избере друг Извршител на услугата, а за истото да му биде наплатено на Извршителот, договорна страна на овој Договор.

Во случај на раскинување на Договорт, двете договорни страни се согласуваат да изберат трета независна страна да изврши проценка на причинетата штета и да даде извештај за проценетата штета и тоа најдоцна во рок од 7 дена од настанувањето на штетата. Износот на штетата наведен во извештајот, Извршителот е должен без одлагање да му го плати на Нарачателот во рок од 15 дена.

Член 7

Доколку Нарачателот без оправдана причина едностранo го раскине Договорот, Нарачателот ќе му го исплати неисплатениот паушал за вложување во кадар и опрема согласно Понудата бр.4921.3 од 28.06.2021 година.

КВАЛИТАТИВЕН И КВАНТИТАТИВЕН ПРИЕМ

Член 8

Квалитативен и квантитативен прием на извршената услуга предмет на овој Договор врши Нарачателот, со Извештај за извршена работа потпишан од лица овластени од страна на Нарачателот и од страна на Извршителот.

Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и квантитетот на извршената услуга.

Нарачателот е должен да изврши преглед на извршената услуга штом тоа според редовниот тек на извршувањето е можно и за утврдените неисправности или недостатоци веднаш без одлагање да го извести Извршителот.

Нарачателот има право поради неисправност или недостаток да бара:

- Бесплатно отстранување на утврдените неисправности или недостатоци или надомест на трошоците направени за отстранување на неправилностите или недостатоците;
- Сразмерно намалување на цената;
- Надомест на штета;
- Раскинување на Договорот.

4

ГАРАНЦИЈА И ГАРАНТЕН РОК

Член 9

Извршителот е должен услугите предмет на овој Договор, да ги врши согласно пропишаниот начин за вршење на предметната услуга и според македонските стандарди кои се во согласност со европските стандарди и да гарантира за квалитетот на извршената услуга.

Извршителот гарантира за квалитетот на евентуално вградените резервни делови.

За гарантниот рок на вградените резервни делови важат гарантните листови од Производителите, од денот на вградувањето на резервните делови.

Овие гарантни листови од Производителите ги прибавува Извршителот и ги доставува на Нарачателот.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 10

Договорните страни се согласни дека договорот нема да подлежи на едностранo раскинување без взаемна согласност, освен во случаи на неисполнување на обврските предвидени со овој Договор.

За се што не е опфатено со овој Договор, важат одредбите од Законот за облигациони односи и другите позитивни законски прописи.

Член 11

Извршителот се обврзува да ги чува како тајна и нема да ги направи достапни за трети лица, податоците кои потекнуваат од Нарачателот или се однесуваат на Нарачателот, а со кои Извршителот се запознал во текот на извршување на Договорот.

Член 12

Овој Договор се склучува за период од 5 (пет) години, сметано од денот на потпишување на истиот, со тоа што по истекот на тој рок, истиот може да биде продолжен само со заедничка согласност на двете договорни страни со потпишување на Анекс на овој Договор или со нов договор.

Измени и дополнувања на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни, само по писмен пат со посебен Договор, потпишан од овластените претставници на договорните страни.

Член 13

Во случај на спор договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено. Доколку спорот не се реши спогодбено истиот ќе го решава надлежниот суд во Скопје.

Член 14

Овој Договор влегува во сила од денот на неговото потпишување и солемнизација на Нотар.

Член 15

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) за двете договорни страни.

Составен дел на овој Договор се:

- Понуда за одржување и сервисирање на опрема во машинска сала (водена страна) бр.4921.1 од 28.06.2021 година,

5

- Понуда за одржување и сервисирање на клима комори (воздушна страна) бр.4921.2 од 28.06.2021 година
- План за одржување - Regular Maintenance of Trane chillers и
- План за одржување, кој е изведен од Trane технологијата препорачана за одржување на чилери и топлински пумпи.

Нарачател
НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ

Управител
Д-р Златко Кесковски

Извршител
УНИТИМ ДООЕЛ Скопје

Управител
Тони Бошковски

6

Работно упатство за безбедно ракување со етанол: RU-075-EX

NYSK HOLDINGS	**БЕЗБЕДНО РАКУВАЊЕ СО ЕТАНОЛ**	Шифра:RU-075-EX Верзија: 1 Датум: 02.12.2022

РАБОТНО УПАТСТВО ЗА БЕЗБЕДНО РАКУВАЊЕ СО ЕТАНОЛ

Изработил	Прегледал	Одобрил
Организатор на производство Ангела Попоска Дипл. Хемиски инженер	Директор на Производство Емилија Спасеска Алексовска Дипл.фарм. Спец. фарм. технолог	Раководител на Осигурување на квалитет Ирена Колеска Дипл. Хемиски инженер
Датум: 02.12.2022	Датум: 07.12.2022	Датум: 07.12.2022
Потпис:	Потпис:	Потпис:

Важи од:	09.12.2022

1 од 5

NYSK HOLDINGS	**БЕЗБЕДНО РАКУВАЊЕ СО ЕТАНОЛ**	Шифра:RU-075-EX Верзија: 1 Датум: 02.12.2022

1. ЦЕЛ

Ова работно упатство дава детален опис за безбедно ракување со етанол за време на работа или при трансфер.

2. ПОДРАЧЈЕ НА ПРИМЕНА

Ова работно упатство се применува во сектор Екстракција, Производство, магацин.

3. ОПИС

Етанолот е запаллива хемикалија. Доколку не се складира и раководи со него правилно може да претставува сериозна закана за здравјето и безбедноста на вработените, единиците за противпожарна заштита како и постапувачите со хемиски отпад. Така што важно е да се следат безбедносните протоколи за ракување со оваа хемикалија.

Етанолот главно се користи како растворувач. Тој може да се меша со вода и многу органски растворувачи вклучувајќи оцетна киселина, ацетон, бензен, јаглерод тетрахлорид, хлороформ итн.

Својства:

Класа: Запалливо

Молекуларна формула: CH_3CH_2OH

Форма (Физичка состојба): Течност

Боја: Безбоен, бистар

Точка на вриење: 78.4 °C

4. ПОСТАПКА

Етанол е високо запллив во присуство на отворен пламен и искри, топлина и предизвикува сериозна закана од пожар. Експлозивен во присуство на отворен оган и искри, оксидирачки материјали, киселини.

НАПОМЕНА: МОЖЕ ДА ГОРИ ВО ПРИСУСТВО НА БЛИЗОК НЕВИДЛИВ ПЛАМЕН. Пареите на етанол може да патуваат до одредено растојание односно до извор на запалливост и да се одбијат назад. Може да формира експлозивни мешавини со воздухот. Запаллив е и експлодира во контакт со оцетен анхидрид + натриум хидросулфат, дисулфурна киселина +

азотна киселина. Додатоци од алкохол на високо концентриран хидроген пероксид формираат силни експлозии. Експлодира во контакт во калциум хипохлорид.

Потенцијални акутни ефекти: надразнува во случај на контакт со кожа (иритира), контакт со очи (иритира), при инхалација. Лесно надразлив при контакт со кожа и голтање.

Лична заштитна опрема (PPE)

Заштита за раце: Нитрилни или латекс ракавици

Заштита на очи: Заштитни наочари

Заштита на кожа и тело: Лабораториски мантил

Контрола од одржување: Добро проветрена просторија. Осигурајте се во близина на работното место да има чиста вода за миење на очи и раце.

Постапка за прва помош

1. Доколку се вдише

Доколку се вдише, извадете го повредениот на чист воздух. Доколку престане до дишење дадете кислородна поддршка. Побарајте медицинска помош доколку се појават симптоми.

2. Контакт со кожа

Измијте со сапун за дезинфекција. Побарајте медицинска помош.

3. Контакт со очи

Проверете дали носи контактни леќи и извадете ги. Веднаш измијте ги очите со вода најмалку 15 минути со отворени очни капаци. Може да се користи ладна вода. Побарајте медицинска помош.

4. При проголтување

НЕ предизвикувајте повраќање доколку медицински персонал не го дозволи тоа. Никогаш не давајте било што на онесвестено лице. Ослободете го/ ја од тесна облека/ вратоврска/ каиш/ појас. Побарајте медицинска помош доколку се појават симптоми.

Ракување и чување на етанол

Мерки на претпазливост:

Чувајте понастрана од топлина. Чувајте настрана од извори на топлина и запалливост. Приземјете ги сите опреми кои содржат етанол. Не голтајте. Не вдишувајте гас/пареи/ спреј. Носете соодветна заштитна облека. Во случај на недоволна вентилација, носете заштитна респираторна маска. Доколку се проголта побарајте медицинска помош веднаш и покажете им

го контејнерот или налепницата од етанол. Одбегнувајте контакт со кожа и очи. Чувајте настрана од некомпатибилни оксидирачки агенси, киселини, алкални раствори и влага.

Магационирање:

Чувајте ги контејнерите на ладно место со добра вентилација. Контејнерите мора да бидат добро затворени и запечатени се додека не се користат. Одбегнете ги сите можни извори на запаливост (искри или пламен). Не чувајте на температура над 23°C (73.4°F).

Во НЈСК Холдинг етанолот се чува во посебен магацин за етанол.

Постапка при истурање и несреќни случаи

1. Хемиски истурања

Мали истурања: Разредете со вода и избришете со џогер или апсорбирајте со интертен сув материјал (хартиени брисачи) и фрлете ги истите во соодветно место за отпад.

Хемиски истурања на тело и облека: Отстранете ја облеката и измијте го телото најмалку 15 минути. Побарајте медицинска помош. Веднаш известете го предпоставениот.

Хемиски истурање во очи: Веднаш измијте ги очите и нивната внатрешност со вода во време траење од 15 минути, држете ги очните капаци отворени. Побарајте медицинска помош.

Носете соодветена PPE, деконтаминирајте ја опремата и зафатените делови со сапун и вода. Отстранете го искористениот етанол како опасен отпад во соодветен контејнер.

Големи истурања: Во случај на големо протекување/ истурање на етанол во просторијата се активираат сензорите за етанол и се евакуира персоналот преку најблискиот излез.

2. Отстанување на етанол како отпад

Обележете го како отпад

• Залепете лепенки со ознака за опасен отпад на целата количина со отпад во моментот кога се отстранува првата количина.

Складирајте го отпадот

• Складирајте го опасниот отпад во затворени контејнери на одредена локација.

Отстранување на отпад

• Испразнете ги контејнерите

• Исплакнете ги празните контејнери со вода, исушете ги и фрлете ги затворени во канта.

Поради високата запалливост етанолот треба да биде ракуван подалеку од извор на запалливост.

ВНИМАНИЕ: Во случај на пожар напуштете ја просторијата Екстракција преку најблискиот излез и известете го обучениот персонал за пожар и викнете екипа за против пожарна заштита.

5. РЕВИЗИЈА

- По потреба или најмалку 3 години од ефеиктивен датум.

6. ИНДЕКС НА ПРОМЕНИ

Ревизија	Датум на работно упатство	Опис на промената
Шифра:RU-074-EX вер. 1	02.12.2022	• Прва верзија на работно упатство

Решение за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина за проект: Минерална суровина - подземна вода од бунар ПЕБ-1, ПЕБ-2, ПЕБ-3 и ПЕБ-4 во општина Петровец, Скопје за потребите на Инсталацијата на НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - SEKTORI PËR MJEDIS JETËSOR

НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ Скопје
Примено: 23-12-2021
03 2278/2

Арх. Бр./Nr.Arh. УП1-11/4-1885/2021
Дата/Data: 20-12-2021 год./viti

2084 - бунари

ДО/DERI TE: ДПТУ "НЈСК ХОЛДИНГ" ДООЕЛ
ул. "112" бр. 217, Петровец
1000 Скопје

ПРЕДМЕТ/LËNDA: Доставување на Решение

ВРСКА/LIDHJA: Ваш број 03-2278/1 од 13.12.2021 година

Почитувани,
Të nderuar,

Во прилог на овој допис Ви доставуваме Решение број УП1-11/4-1885/2021, за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина за проект: Минерална суровина - подземна вода од бунар ПЕБ-1, ПЕБ-2, ПЕБ-3 и ПЕБ-4 во општина Петровец, Скопје, за потребите на инвеститорот ДПТУ "НЈСК ХОЛДИНГ" ДООЕЛ од Скопје.

Со почит,
Me respekt,

Управа за животна средина / Drejtoria për mjedis jetësor
в.д. Директор / u.d. Drejtor
Hisen Xhemaili

Изработил/Përpiloi: Мустафа Камиди
Контролирал/Kontrolloi: Александар Петковски
Согласен/Miratoi: Билјана Петкоска

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - SEKTORI PËR MJEDIS JETËSOR

20 -12- 2021

Врз основа на член 24 став 7 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/2016), постапувајќи по барањето на ДПТУ "НЈСК ХОЛДИНГ" ДООЕЛ од Скопје, за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина број УПП-11/4-1885/2021 од 14.12.2021 година, Директорот на Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање го издава следното

РЕШЕНИЕ
За одобрување на Елаборат за заштита на животната средина

1. Со ова Решение се одобрува Елаборат за заштита на животната средина со технички број 27-Е-21 од Ноември 2021 година, изготвен од страна на ДУТП "АКВА-ИНГ" ДООЕЛ од Штип, за проект: Минерална суровина - подземна вода од бунар ПЕБ-1,ПЕБ-2, ПЕБ-3 и ПЕБ-4 во општина Петровец, Скопје, за потребите на инвеститорот ДПТУ "НЈСК ХОЛДИНГ" ДООЕЛ од Скопје.

2. Од доставената документација констатирано е дека со изведбата и функционирањето на проектот: Минерална суровина - подземна вода од бунар ПЕБ-1, ПЕБ-2, ПЕБ-3 и ПЕБ-4 во општина Петровец, Скопје, нема да има значителни влијанија врз животната средина.

3. Инвеститорот се задолжува целосно и без исклучоци да се придржува кон пропишаниот режим и мерки за заштита предвидени во Елаборатот за заштита на животна средина, како и кон дополнителни решенија до колку низ изведбата и функционирањето на проектот се покаже потреба од зголемен обем и вид на превенција.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - SEKTORI PËR MJEDIS JETËSOR

Образложение

Од Ваша страна беше доставен Елаборат за заштита на животната средина за проект: Минерална суровина - подземна вода од бунар ПЕБ-1, ПЕБ-2, ПЕБ-3 и ПЕБ-4 во општина Петровец, Скопје, за потребите на инвеститорот ДПТУ "НЈСК ХОЛДИНГ" ДООЕЛ од Скопје.

Локацијата на која е предвидена изведбата на проектот Минерална суровина - подземна вода од бунар ПЕБ-1,ПЕБ-2, ПЕБ-3 и ПЕБ-4 е на КП број 159/19, КО Којлија во општина Петровец, Скопје.

Координатните точки на експлоатационионите бунари се следните:

ПЕБ-1, Y=7 553 226,01, X=4 645 425,81, Z=243,98
ПЕБ-2, Y=7 553 165,71, X=4 645 522,32, Z=243,79
ПЕБ-3, Y=7 553 267,43, X=4 645 470,31, Z=243,98
ПЕБ-4, Y=7 553 237,66, X = 4 645 432,77, Z=243,78

Предметниот Елаборат за заштита на животната средина е изготвен согласно Правилникот за формата и содржината на Елаборатот за заштита на животната средина согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно со вршителите на дејноста и обемот на дејностите и активностите кои ги вршат правните и физичките лица, постапката за нивно одобрување како и начинот на водење на регистарот за одобрени Елаборати (Службен весник на Република Македонија бр. 44/2013 и 111/2014), од страна на ДУТП "АКВА- ИНГ" ДООЕЛ од Штип.

Правна поука: против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Управа за животна средина / Drejtoria për mjedis jetësor
в. д. Директор / u.d. Drejtor
Hisen Xhemaili

Изработил/Përpiloi: Мустафа Камили
Контролирал/Kontrolloi: Александар Петковски
Согласен/Miratoi: Билјана Петкоска

ПРИЛОГ VI. ЕМИСИИ

VI.1. ЕМИСИИ ВО АТМОСФЕРАТА

VI.1.1. ДЕТАЛИ ЗА СИТЕ ТОЧКАСТИ ИЗВОРИ ВО АТМОСФЕРАТА

VI.1.2. ФУГИТИВНИ И ПОТЕНЦИЈАЛНИ ЕМИСИИ (НЕАКТИВНИ ВО НОРМАЛНИ ОКОЛНОСТИ)

VI.2. ЕМИСИИ ВО ПОВРШИНСКИТЕ ВОДИ

VI.3. ЕМИСИИ ВО КАНАЛИЗАЦИЈА

VI.4. ЕМИСИИ ВО ПОЧВА

VI.5. ЕМИСИИ НА БУЧАВА

VI.6. ВИБРАЦИИ

VI.7. ИЗВОРИ НА НЕЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ

VI.1. Емисии во атмосферата

Во инсталацијата НЈСК Холдинг изведени се вентилациони траси со кои е предвидено уфрлање и исфрлање на воздух со цел обезбедување на вентилација со соодветен број на измени на час и тоа во неговална, простории за растење, лабараторија и сушара.

Инсталацијата за вентилација обезбедува довод на свеж (надворешен) воздух во просториите и одвод на загадениот воздух надвор од објектот. Доводот и одводот на воздух се врши преку вентилатор, вентилациони канали изработени од поцинкуван лим и дистрибутивни елементи како што се решетките, при што во просториите за растење се обезбедени 6 измени на воздух за еден час, додека во просториите за екстракција на конопот се обезбедени 25 измени на час.

Кај линијата за довод и одвод на воздух инсталирани се филтри и тоа: груб филтер за прифаќање на груба прашина или честички над 5μm и фин филтер за фина филтрација и прифаќање на честички од 1 до 5μm. Поставените филтри се изведени согласно барањата на SRPS EN 779:2012. На влезниот и излезниот канал од сушарата поставени се и противдождовни решетки од ситна поцинкувана мрежа.

Имајќи ги во предвид активностите кои се реализираат во инсталацијата и поставениот вентилационен систем во инсталацијата, не се евидентирани испусти на загадувачки супстанции во воздухот.

VI.1.2. Фугитивни и потенцијални емисии

Емисијата на неметански испарливи органски соединенија (NMVOC), CO, CO_2, SO_2 и NOx од горивата на возилата кои се задржуваат при истовар и товар на влезните суровини и готовите производи, е релативно мала и може да се каже дека е исклучиво ограничена на работната средина во близина на инсталацијата.

VI.2. Емисии во површинските води

Од инсталацијата нема емисии во површински води.

VI.3. Емисии во канализација

Во процесот на работа на инсталацијата, од технолошкиот процес на работа, како отпадни води се јавуваат:
- отпадни води од миење на просториите за растење;
- води од одржување на хигиена на вработените;
- санитарни отпадни води;
- води од атмосферските врнежи.

Отпадните води од миење на подовите во просториите за растење не содржат отпадни материи од причина што се работи за простории кои се третираат како „чисти соби“ со строго ограничено движење и користење на заштитни скафандери за вработените за да не се загади просторот и самите растенија. Овие миења кои се превентивни се прават после секоја берба или околу пет пати годишно.

Отпадните води од миење на подовите во просториите за растење преку систем на одводна канализација од објектот се одведуваат до постојната канализациона мрежа на Петровец.

Од страна на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р. С. Македонија направена е анализа на водата за пиење и техничко технолошката вода која се применува во инсталацијата, а добиените резултати укажуваат дека испитуваните примероци на техничко технолошката вода одговараат на законските и стручни прописи во однос на испитаните параметри за бактериолошка анализа, физичко - хемиска анализа и паразитолошка анализа. Во продолжение на Прилогот дадени се анализите на вода.

Водите настанати од одржување на хигиена на вработените, како и санитарната отпадна вода се испуштаат во постоечката канализација на Петровец и не претставуваат опасност по животната средина.

Атмосферските води исто така преку мрежа на атмосферска канализација на Петровец се носат до заедничкиот канал и се одведуваат до реципиентот и не претставуваат опасност по животната средина.

Во текот на месец Март 2024 година, од страна на акредитираната лабораторија за животна средина и безбедност при работа на „ТЕХНОЛАБ” ДОО Скопје, беше извршено земање примерок отпадна вода на излез од прчистителна станица и анализа на истата во аналитичко-хемиска лабораторија.

На Слика бр. **VI.3** оваа точка на земање примерок е означена со CN1.

Слика бр. **VI.3**: Точка на земање примерок отпадна вода на излез од пречистителна станица

VI.4. Емисии во почва

Од инсталацијата нема емисија во почва.

VI.5. Емисии на бучава

Извори на емисии на бучава во инсталацијата претставу работата на машините и опремата кои се сместени во објектите на локацијата.

Во текот на месец Март 2024 година, од страна на акредитираната лабораторија за животна средина и безбедност при работа на „ТЕХНОЛАБ” ДОО Скопје, беа извршени мерења на нивото на бучава од овие извори.

Мерењата на ниво на бучава се вршени на граници на инсталацијата, во околина на изворите на бучава кога истите се во функција, а во правец на најблиските населени места, приватни живеалишта (на Слика бр. **VI.5-2** означени со AN1, AN2, AN3, AN4).

Мерењата се вршени со калибриран инструмент за мерење бучава Cirrus тип CR:171B опремен со микрофон кој се подесува со калибриран звучен калибратор Cirrus тип CR:515 и заштитна капа од ветер. Мерено е со режим на работа, време на одзив - брзо, во период од 10:00 до 16:00 часот (дневни мерења на бучава).

Мерните места каде се извршени мерења на бучава се прикажани на слика бр. **VI.5**.

Слика бр. **VI.5**: Мерни места на емисии на бучава

VI.6. Вибрации

Во инсталацијата нема извори на вибрации кои би влијаеле на животната средина.

VI.7. Извори на нејонизирачко зрачење

Во инсталацијата нема извори на овој вид зрачење.

ПРИЛОГ VII. СОСТОЈБИ НА ЛОКАЦИЈАТА И ВЛИЈАНИЕТО НА АКТИВНОСТА

VII.1. УСЛОВИ НА ТЕРЕНОТ КАДЕ ШТО СЕ НАОЃА ИНСТАЛАЦИЈАТА

VII.2. ОЦЕНКА НА ЕМИСИИТЕ ВО АТМОСФЕРАТА

VII.3. ОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ПОВРШИНСКИОТ РЕЦИПИЕНТ

VII.4. ОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ИСПУШТАЊАТА ВО КАНАЛИЗАЦИЈА

VII.5. ОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ЕМИСИИТЕ ВРЗ ПОЧВАТА И ПОДЗЕМНИТЕ ВОДИ

VII.5.1. РАСФРЛАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ И НЕЗЕМЈОДЕЛСКИ ОТПАД

VII.6. ЗАГАДУВАЊЕ НА ПОЧВАТА/ПОДЗЕМНАТА ВОД

VII.7. ОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ИСКОРИСТУВАЊЕТО НА ОТПАДОТ ВО РАМКИТЕ НА ЛОКАЦИЈАТА И/ИЛИ НЕГОВОТО ОДЛАГАЊЕ

VII.8. ВЛИЈАНИЕ НА БУЧАВАТА

VII.1. Услови на теренот каде што се наоѓа инсталацијата

Врз содржината и квалитетот на животната средина покрај човекот, како генератори на деградацијата на животната средина се јавуваат и природните фактори, односно, абиотските и биотските фактори, кои се во константна меѓусебна зависност.

Имајќи во предвид дека човекот како дел од природата, претставува главен протагонист на процесите на нејзината трансформација, се наметнува потребата од воспоставување одредени рамки на насоки на неговото дејствување.

Така при секоја интервенција на човекот, во било кој дел од просторот мора да се води сметка за релацијиите кои владеат во природата и за последиците кои ќе произлезат од интервенциите што се планираат, за да не дојде до загрозување на рамнотежата на екосистемите во општината.

Според постоечките податоци за состојбата со загадувањето на животната срадина, подрачјето каде што е изградена инсталацијата спаѓа во редот на понеоптеретените амбиенти со разновидни загадувачки материи.

Од аспект на географска поставеност, ако се имаат предвид: растојанијата од најблиските станбени објекти, поврзаноста со останатата инфрастуктура – колекторска водоводна и канализациона мрежа, патната и железничка комуникација, како и некои други особености, локалитетот поседува солидна местоположба.

Врз содржината и квалитетот на животната средина покрај човекот, како генератори на деградацијата на животната средина се јавуваат и природните фактори, односно, абиотските и биотските фактори, кои се во константна меѓусебна зависност. На животната средина околу локацијата на предметниот објект, односно подрачјето каде што е лоциран објектот, значајно е влијанието на: геолошкиот состав, теренот, климата и хидрографијата, како и основните и релевантни фактори.

- ***Геологија***

Подрачјето на Скопска котлина претставува сегмент од некогашната езерска фаза на развиток на скопскиот басен, за што сведочат огромните депозити на езерски сегменти. Котлината формирана е од младиот терцер и квартер со постепено повлекување на неогеното езеро и нејзините морфолошки облици се резултат на тектонски движења и ерозивни процеси. Теренот претставува квартерна депресија и се карактеризира со крупно-зрнести, добро гранулирани и добро сложени чакално песочни алувијални сегменти.

- ***Климатски карактеристики на подрачјето (клима, температура, врнежи, ветрови)***

Влијанието на објектот на непосредната околина е тесно поврзано и со метеоролошките услови, како и надморската височина и морфологија на теренот.
Од еколошки аспект, скопската котлина со своите орографски, а особено со климатските карактеристики, се одликува со неповолни топоклиматски специфичности.

Просечната надморска височина на котлината изнесува 260 m, и претставува “краен залив” до кој се чувствуваат топлите воздушни струења по долината на реката Вардар од Егејско Море и претставува посебен термички реон во кој изразито се манифестира котлинскиот карактер на температутрниот режим.

Средно годишната температура на воздухот за 30 годишен период изнесува 12,5 ^{0}C. Средно месечните температутри на зимските месеци се над нулата со апсолутен минимум во јануари кој изнесува - 25,6 ^{0}C.
Загреаноста на почвата во летните месеци условува високи летни температури на воздухот. Апсолутно максималната температура изнесува 41,5 ^{0}C.

Температурни инверзии на воздухот во Скопската котлина се јавуваат во сите месеци во годината, но сепак нивната појава со сите свои неповолни манифестации е изразена во зимските месеци, најчесто при антициклонални состојби. Температурната разлика при инверзна состојба меѓу најниските делови од котлината и околните планински масиви, во зимските месеци, може да достигне и до 10 ^{0}C, во зависност од интензитетот и дебелината на инверзниот слој.

Во зимските месеци Скопската котлина се одликува со зголемена зачестеност на денови со магла која најчесто е од радијационен карактер. Маглата се јавува во сите часови од денонoќието, но со најголема зачестеност во утринските часови, а во периодот од ноември и заклучно со февруари, најчесто се јавува како густа магла, а дебелината на магливиот слој (висината) се движи и до 75m. Просечно годишно во Скопската котлина има 63 денови со магла.

Врнежите во Скопската котлина се главно дожд, а во зимските месеци се јавуваат и снежни врнежи. Просечен годишен број на денови со снежен покривач изнесува 25. Просечно годишно траење на сончевото зрачење во котлината изнесува 2.102 часови, што укажува дека има многу повеќе облачни денови, а значително помалку ведри денови.

Во Скопската котлина се јавуваат ветрови од сите правци и меѓуправци, но по долината на река Вардар и по целата котлина преовладува ветерот Вардарец од северозападен правец, југоисточен и јужен правец.

Во градскиот дел од котлината со најголема зачестеност е западниот ветер со просечна годишна зачестеност од 124 ‰ и средна годишна брзина од 2,5 m/s. Во отвореniот источен дел на Скопската котлина режимот на ветровите доста се разликува од градскиот дел. Овде со најголема зачестеност се јавува северниот ветер, просечно годишно со 142 ‰ со средна брзина 3,9 m/s (Слика бр. VII.1-1: Ружа на зачестеноста на правците на ветерот за Скопје - Зајчев рид).



Слика бр. VII.1-1: Ружа на зачестеноста на правците на ветерот за Скопје - Зајчев Рид

- **Структура на населените места, социлошки и културолошки параметри на подрачјето**

Локацијата на инсталацијата НЈСК Холдинг е во Технолошко Индустриска зона Ќојлија-Петровец.

Општина Петровец е лоцирана во источниот дел на Скопската Котлина со правец на протегање исток - запад.

Граничи со Општина Илинден и со зелени површини, како и Меѓународниот Аеродром на ТАВ Македонија.

Во однос на населбите НЈСК Холдинг е оддалечен од најблиските објекти на околу 1,8 km воздушно растојание.

Оддалеченоста од населбите е доволна заштита на населението од евентуални влијанија на бучава, пожар и поплава во локацијата на објектот.

VII.2. Оценка на емисиите во атмосферата

Од технолошкиот процес не се евидентирани испусти на загадувачки материи во воздухот.

VII.3. Оценка на влијанието врз површинскиот реципиент

Од инсталацијата нема емисија во површински реципиент.

VII.4. Оценка на влијанието на испуштањата во канализација

Отпадните води од миење на подовите во просториите за растење на канабисот се релативно „чисти" води од причина што редовно се контролира влезната вода за да не се загадат самите растенија.

Водите не содржат отпадни материи и од причина што се работи за простории кои се третираат како „чисти соби“ со строго ограничено движење и користење на заштитни скафандери за вработените за да не се загади просторот и самите растенија. Исто така не се применуваат дополнителни средства за чистење на просториите во кои се одгледуваат растенијата. Овие миења кои се превентивни се прават после секоја берба или околу пет пати годишно.

Станува збор за релативно чисти води кои се во мали количини поради што не се предвидени посебни технолошки решенија.

Од страна на акредитираната лабораторија за животна средина и безбедност при работа ТЕХНОЛАБ ДОО СКОПЈЕ, беа направени анализи на отпадна вода на излез од пречистителната станица на НЈСК ХОЛДИНГ СКОПЈЕ во текот на месец Март 2024 година и истиот е даден во продолжение на овој прилог.

VII.5. Оценка на влијанието на емисиите врз почвата и подземните води

Нема емисија во почва и подземна вода.

VII.5.1. Расфрлање на земјоделски и неземјоделски отпад

Не е применливо. Нема таква дејност.

VII.6. Загадување на почвата/подземната вода

Од отпочнувањето со работа на инсталацијата до денес, нема загадување на почвата и подземните води.

VII.7. Оценка на влијанието врз животната средина на искористувањето на отпадот во рамките на локацијата и/или неговото одлагање

Создадениот отпад во инсталацијата е згрижен и депониран соодветно и истиот не влијае врз животната средина.

VII. 8. Влијание на бучавата

Бучавата создадена во инсталацијата нема влијание врз животната средина надвор од нејзините граници.

Оценката е направена со мерење на нивото на бучава во животната средина. Мерењата се извршени во текот на месец Март 2024 година, од акредитираната лабораторија на ТЕХНОЛАБ ДОО, Скопје, за што е изработен Лабораториски извештај. Овој извештај е даден во продолжение на овој прилог.

Лаб. Извештај бр. 155/24 од Технолаб од извршени анализи на отпадна вода од „НЈСК ХОЛДИНГ“ ДООЕЛ СКОПЈЕ

ТЕХНОЛАБ доо Скопје
Екологија, безбедност и заштита при работа, технологија, природа
ЛАБОРАТОРИЈА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА
П.фах 827; Бул. К. Ј. Питу бр. 28/3 лок. 24, Скопје; тел/факс: 02 2 448 058; 070 384 194
www. tehnolab.com.mk; e-mail: tehnolab@tehnolab.com.mk

Лабораториски Извештај бр. 155/24

од извршени анализи на отпадна вода од
„НЈСК ХОЛДИНГ“ ДООЕЛ, Скопје

ИЗРАБОТУВАЧ:
"ТЕХНОЛАБ" доо СКОПЈЕ
Директор
М-р Магдалена Трајковска Трпевска дипл. хем. инж.

ТЕХНОЛАБ доо Скопје
Лабораторија за животна средина и безбедност при работа

Нарачател: „НЈСК ХОЛДИНГ" ДООЕЛ, СКОПЈЕ

Адреса: ул. 112, бр. 217, Индустриска зона Ќојлија, Петровец, Скопје

Лице за контакт: Гордана Ристеска

Датум на земање примероци: 15.03.2024 год.

Одговорно лице за земање на примероци: Александар Маневски, дипл. маш. инж.
Александар Х.Каневче, дипл.инж.за заш.на жив.сред.

Достава на примероците до лабораторијата: 15.03.2024 год.

Одговорно лице за анализа: Елена Трпковска, дипл. инж. по хемија
Елеонора Трајковска, дипл. инж. по хемија

Датум на вршење на анализата: 15.03.2024 – 20.03.2024 год.

Датум на обработка на податоците: 21.03.2024 год.

Датум на издавање на извештајот: 21.03.2024 год.

Одговорен:
М-р Јованка Илиева, дипл. инж. по хемија

Проверил/одобрил:
Елена Трпчевска, дипл. инж. технолог

Број на копии: 3 Број на копија: 1

Број на страни: 6

СОДРЖИНА

1.0. ВОВЕД..... 4
2.0. МЕРНИ МЕСТА И МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ИСПИТУВАЊА..... 5
3.0. РЕЗУЛТАТИ ОД ИЗВРШЕНИ АНАЛИЗИ..... 6

ТАБЕЛИ

1. Табела бр. 1: Мерни параметри со соодветни методи на определување..... 5
2. Табела бр. 2: Резултати од извршени анализи..... 6

1.0. ВОВЕД

Врз основа на барање од фирмата „НЈСК ХОЛДИНГ“ ДООЕЛ СКОПЈЕ, “Технолаб” доо Скопје како акредитирана лабораторија за животна средина и безбедност при работа превзеде обврска да изврши анализа на отпадна вода од објектот.

Методологијата во земањето на примероци и мерните места на отпадната вода дадени се во Поглавјето 2.0.

Резултатите од извршените анализи се прикажани во поглавјето 3.0.

Резимето од испитувањата е дадено како Мислења и толкувања од резултатите добиени од извршените анализи на водата од процес и истите не се дел од опсегот на акредитација

2.0. МЕРНИ МЕСТА И МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ИСПИТУВАЊА

Методолошкиот пристап за испитување и анализа на водите се состои од:
- Избор на мерни места за земање на мостри,
- Земање мостри, примероци на вода,
- Лабораториска анализа,
- Обработка и интерпретација на добиените резултати.

Земањето и транспортирањето на примерокот од вода е извршено по стандардна метода:
МКС EN ISO 5667-10:2022 Квалитет на вода - земање примероци, Упатство за земање примероци од отпадни води.

За утврдување на квалитетот на отпадна вода земена е мостра вода од испуст од пречистителна станица која оди во канализациона мрежа на индустриска зона Којлија.

Примерокот кој е земен за анализа е единечен примерок.

Лабораториската анализа опфаќа анализа на физички, органски и неоргански параметри со употреба на соодветни методи и опрема.

Во табела бр. 1 наведени се соодветните методи за определување на мерните параметри.

Табела бр. 1: Мерни параметри со соодветни методи на определување

N°	Параметар	Метода
1.	Температура	Физичка метода APHA, AWWA, WEF (1998) 20 ed
2.	pH	Потенциометрија МКС EN ISO 10523:2013
3.	Електролитска спроводливост	Кондуктометрија МКС EN 27888:2007
4.	Хемиска потрошувачка на кислород, ХПК	Спектрофотометрија Мод. ISO 15705:2002
5.	Биохемиска потрошувачка на кислород, $БПК_5$	Волуметрија, МКС EN 1899-1:2007
6.	Суспендирани материи	Гравиметрија МКС ISO 11923:2007
7.	Масти и масла	Екстракција и инфрацрвена спектроскопија SM 5520-C:2017
8.	Вкупен фосфор, P	Спектрофотометрија МКС ISO 6878:2013
9.	Хлориди, Cl^-	Волуметрија МКС ISO 9297:2007
10.	Сулфати, SO_4^{2-}	Спектрофотометрија/Турбидиметрија EPA 375.4:1978
11.	Амониум, $N–NH_4^+$	Спектрофотометрија МКС ISO 7150-1:2007; SM 4500-NH3-F:2017
12.	Флуориди F^-	Потенциометрија МКС ISO 10359-1:2007, SM 4500-F-C:2017
13.	Сулфиди S^{2-}	Спектрофотометрија EPA 376.2:1978
14.	Хлор слободен, Cl_2	Спектрофотометрија МКС EN ISO 7393-1:2009
15.	Хлор вкупен, Cl_2	Спектрофотометрија МКС EN ISO 7393-1:2009
16.	Талог (таложни материи)*	Волуметрија SMEWW, 20 ed,

*неакредитирани

ТЕХНОЛАБ доо Скопје
Лабораторија за животна средина и безбедност при работа

3.0. РЕЗУЛТАТИ ОД ИЗВРШЕНИ АНАЛИЗИ

Табела бр. 2: Резултати од извршени анализи

Објект:	„НЈСК ХОЛДИНГ" ДООЕЛ, Скопје
Мерно место:	Излез од пречистителна станица за отпадни води (технолошки и санитарни)
Датум на мострирање:	15.03.2024 год.
Географски координати:	N 41,951657° E 21,635769°
Теренска ознака:	A1 155/24
Лабораториска ознака:	11 155/24
Вид на мостра:	Единечен примерок
Метода на мострирање:	МКС ISO 5667-10:2022

N°	Параметар	Ед. мерка	Метода	Резултат	Гранична вредност
1.	Температура	°C	Физичка метода APHA, AWWA, WEF (1998) 20 ed	21,7	40,0
2.	pH		Потенциометрија МКС EN ISO 10523:2013	7,41	6,5 - 9,5
3.	Електролитска спроводливост	[µS/cm]	Кондуктометрија МКС EN 27888:2007	555	/
4.	Хемиска потрошувачка на кислород, ХПК	[mgO_2/L]	Спектрофотометрија Мод. ISO 15705:2002	59,6	700
5.	Биохемиска потрошувачка на кислород, БПК$_5$	[mgO_2/L]	Волуметрија, МКС EN 1899-1:2007	37,8	250
6.	Суспендирани материи	[mg/L]	Гравиметрија МКС ISO 11923:2007	6,4	/
7.	Масти и масла	[mg/L]	Инфрацрвена спектроскопија SM 5520-C:2017	<0,5	100
8.	Вкупен фосфор, P	[mgP/L]	Спектрофотометрија МКС ISO 6878:2013	0,145	/
9.	Хлориди, Cl^-	[mg/L]	Волуметрија МКС ISO 9297:2007	34,3	/
10.	Сулфати, SO_4^{2-}	[mg/L]	Спектрофотометрија/Турбидиметрија EPA 375.4:1978	60,5	/
11.	Амониум, N–NH_4^+	[mgN/L]	Спектрофотометрија МКС ISO 7150-1:2007; SM 4500-NH3-F:2017	3,98	/
12.	Флуориди F^-	[mg/L]	Потенциометрија МКС ISO 10359-1:2007, SM 4500-F-C:2017	<0,03	20
13.	Сулфиди S^{2-}	[mg/L]	Спектрофотометрија EPA 376.2:1978	<0,02	1,0
14.	Хлор слободен, Cl_2	[mg/L]	Спектрофотометрија МКС EN ISO 7393-1:2009	0,11	0,5
15.	Хлор вкупен, Cl_2	[mg/L]	Спектрофотометрија МКС EN ISO 7393-1:2009	0,16	1,0
16.	Талог (таложни материи)*	[mL/L]	Волуметрија SMEWW, 20 ed.	<0,1	10

*неакредитирани

Забелешка:

Резултатите прикажани во овој извештај важат само за анализираните мостри.
Умножувањето на овој извештај е дозволено само како целина. Делови од овој извештај не смеат да се умножуваат без писмено одобрение од "ТЕХНОЛАБ" доо, Скопје.

- КРАЈ НА ИЗВЕШТАЈОТ -

ТЕХНОЛАБ доо Скопје

Лабораторија за животна средина и безбедност при работа

П. фах 827, Бул. Кузман Јосифовски Питу бр.28/3 лок. 24, Скопје; тел/факс: 02 2 448 058; 070 384 194
www. tehnolab.com.mk; e-mail: tehnolab@tehnolab.com.mk

❖ **МИСЛЕЊА И ТОЛКУВАЊА***

Врз основа на резултатите добиени од извршените анализи може да се констатира дека согласно, Правилникот за условите, начинот и граничните вредности на емисија за испуштањето на отпадните води по нивното прочистување, начинот на нивното пресметување, имајќи ги во предвид посебните барања за заштита на заштитните зони (Сл. Весник на Р.М. бр. 81/2011) нема надминување на граничните вредности.

*Мислењата / толкувањата, дадени во овој Извештај не се дел од опсегот на акредитација.

Лаб. Извештај бр. 154/24 од Технолаб од извршени мерења на ниво на бучава во животна средина од „НЈСК ХОЛДИНГ“ ДООЕЛ СКОПЈЕ

Т Е Х Н О Л А Б доо Скопје

Екологија, безбедност и заштита при работа, технологија, природа

ЛАБОРАТОРИЈА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

Лабораториски Извештај 154/24

од извршени мерења на нивото на бучава
во животна средина на

ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
„НЈСК ХОЛДИНГ“ ДООЕЛ СКОПЈЕ
- ИНДУСТРИСКА ЗОНА ЌОЛИЈА, ПЕТРОВЕЦ -

ИЗРАБОТУВАЧ:

„ТЕХНОЛАБ“ ДОО СКОПЈЕ

Д и р е к т о р
М-р Магдалена Трајковска Трпевска, дипл. хем. инж.

ОБ 7.8-1 Лабораториски Извештај бр. 154/24 Страница 1 од 7

Т Е Х Н О Л А Б доо Скопје

Лабораторија за животна средина и безбедност при работа

Нарачател: ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ „НЈСК ХОЛДИНГ“ ДООЕЛ СКОПЈЕ
- ИНДУСТРИСКА ЗОНА ЌОЈЛИЈА, ПЕТРОВЕЦ -

Адреса: ул. 112, бр. 217, Индустриска зона Ќојлија, Петровец, Скопје

Лице за контакт: Гордана Ристеска

Датум на извршени мерења: 15.03.2024 год.

Мерењата ги извршија:
М-р Александар Христу-Каневце, *дипл. инж. од областа на заштита на жив. сред. и ресурси*
Александар Маневски, *дипл. универзитетски. инж. по машинство*

Датум на обработка на податоците: 18.03.2024 год.

Датум на издавање на извештајот: 18.03.2024 год.

Одговорен:
М-р Александар Христу-Каневце, *дипл. инж. од областа на заштита на жив. сред. и ресурси*

Проверил / Одобрил:
Елена Трпчевска, *дипл. инж. техн.*

Број на копии: 3 Број на копија: ___

Број на страни: 8

Број на прилози: /

СОДРЖИНА

1.0. ВОВЕД 4
2.0. МЕТОДОЛОГИЈА, МЕРНИ МЕСТА И ИНСТРУМЕНТИ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ИСПИТУВАЊА 5
3.0. РЕЗУЛТАТИ ОД ИЗВРШЕНИ СНИМАЊА И АНАЛИЗИ 7

СЛИКИ

1. Слика бр. 1: Инструмент за мерење на бучава Cirrus тип CR:161C 5
2. Слика бр. 2 : Мерни места каде се извршени мерења на ниво на бучава во животна средина 6

ТАБЕЛИ

1. Табела бр. 1: Резултати од извршени мерења..... 7

1.0. ВОВЕД

Врз основа на барање од фирмата Друштво за производство, трговија и услуги „НЈСК ХОЛДИНГ“ ДООЕЛ СКОПЈЕ, за објект лоциран во Индустриска Зона Ќојлија, Петровец, Скопје, како и за потребите за изработка на барање за добивање на А интегрирана еколошка дозвола „Технолаб“ ДОО Скопје како акредитирана лабораторија за животна средина и безбедност при работа, превзеде обврска да изврши мерење на нивото на бучава во животна средина во околината на објектот.

Методолошкиот приод за мерење на нивото на бучава е прикажан во поглавје 2.0.

Резултатите од снимањата и анализите се дадени во Поглавје 3.0.

Резимето од испитувањата е дадено како мислења и толкувања од резултатите добиени од извршените мерења и анализи на измереното ниво на бучава во животната средина и истите не се дел од опсегот на акредитација.

2.0. МЕТОДОЛОГИЈА, МЕРНИ МЕСТА И ИНСТРУМЕНТИ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ИСПИТУВАЊА

Методолошкиот приод за мерење на нивото на бучава го дефинира начинот на одредување на нивото на звучен притисок преку директно мерење со цел да се направи проценка на бучавата во животната средина согласно методата МКС ISO 1996-2:2018.

Мерењето на нивото на бучава во животна средина е реализирано во согласност со методата МКС ISO 1996-2:2018 Акустика - Опис, мерење и оценка на бучава во животната средина - Дел 2: Одредување на нивоата на бучава во животна средина.

При мерење на нивото на бучава потребно е да се дефинираат следните чекори:
- изборот и бројот на мерни места (локација),
- времетраење на мерењето,
- избор на инструменти за мерење.

Мерењата се вршени со калибриран инструмент за мерење бучава Cirrus тип CR:161C (Инв.бр.051) кој се подесува со калибриран звучен калибратор Cirrus тип CR:515 (Инв.бр.053).

Слика бр. 1: Инструмент за мерење на бучава Cirrus тип CR: 161C

Местата на кои е извршено мерењето се прикажани на Слика бр. 2.

Слика бр. 2: Мерни места каде се извршени мерења на ниво на бучава во животна средина

Согласно Правилникот за локациите на мерните станици и мерните места (Сл. Весник на РМ бр. 120/2008 год.) инсталацијата е лоцирана во Подрачје со IV степен на заштита од бучава.

ТЕХНОЛАБ доо Скопје

Лабораторија за животна средина и безбедност при работа

3.0. РЕЗУЛТАТИ ОД ИЗВРШЕНИ СНИМАЊА И АНАЛИЗИ

Објект	НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ СКОПЈЕ *- ИНДУСТРИСКА ЗОНА ЌОЈЛИЈА, ПЕТРОВЕЦ -*
Дата и време на мерење	15.03.2024 год. 10^{00} - 16^{00} h
Метода на мерење	ME 7.2-23, МКС ISO 1996-2:2018

Инструмент	Cirruss CR 161C	Калибратор	Cirruss CR 515	Корекциноен фактор	1,73
Период на мерење	Ден 07^{00} - 19^{00}		Време на одзив	$L_{eq,t}$ = 1s, брзо	
Опис на оперативни услови	Празен од ..... / Експлоатација ..... ✓ Резидуално ниво ..... /		Висина на микрофон	1,5 ± 0,1 m	

Метеоролошки услови					
Брзина на ветар [m/s]	Температура [°C]	Влажност [%]	Атмосферски притисок [Pa]	Облачност	Врнежи
0,40	12,80	51,40	99.300	Да	Не

N⁰	Мерно место	Географски координати	Теренска ознака	ИВ LA_{eq}	МН	ГВ LA_{eq}	ИВ LA_{max}	МН	ГВ LA_{max}
				[dBA]					
На граница на локација									
1.	**М.М. 1**	N: 41.951582° E: 21.635678°	A1 154/24	43,08	± 5,75	70,00	47,80	± 5,83	110,00
2.	**М.М. 2**	N: 41.951026° E: 21.636675°	A2 154/24	58,32	± 5,68	70,00	62,60	± 4,46	110,00
3.	**М.М. 3**	N: 41.951483° E: 21.637185°	A3 154/24	58,80	± 2,57	70,00	62,80	± 3,35	110,00
4.	**М.М. 4**	N: 41.952147° E: 21.635881°	A4 154/24	41,81	± 1,20	70,00	46,30	± 4,64	110,00

*ИВ Измерена вреност / ГВ - гранична вредност
**МН Мерна неодреденост

Опис на околината каде што е измерена бучавата од производниот процес на НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ СКОПЈЕ:

- **М.М. 1:** 15,38 m југозападно од пречистителна станица и 5,5 m североисточно од граница на локација;
- **М.М. 2:** 8,8 m северно од граница на локација и 12 m јужно од производен погон на НЈСК Холдинг;
- **М.М. 3:** 9,3 m западно од граница на локација и 6,5 m источно од производен погон на НЈСК Холдинг;
- **М.М. 4:** 54 m северно од пречистителна станица и 29 m северозападно од производен погон на НЈСК Холдинг.

Забелешка: Резултатите прикажани во овој извештај важат само за условите и режимот на работа за време на вршење на мерењата.
Умножувањето на овој извештај е дозволено само како целина. Делови од овој извештај не смеат да се умножуваат без писмено одобрение од „ТЕХНОЛАБ“ ДОО, Скопје.

- КРАЈ НА ИЗВЕШТАЈОТ -

ТЕХНОЛАБ доо Скопје

Лабораторија за животна средина и безбедност при работа

П. фах 827, Бул. Кузман Јосифовски Питу бр.28/3 лок. 24, Скопје; тел/факс: 02 2 448 058; 070 384 194
www. tehnolab.com.mk; e-mail: tehnolab@tehnolab.com.mk

❖ МИСЛЕЊА И ТОЛКУВАЊА*

Врз основа на податоците добиени од извршените мерења и анализи на ниво на бучава во околина на фабриката, констатирано е следното:

➢ Бучава

Добиените резултати од мерењата на нивото на бучава и нивна споредба со Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина (Сл.весник на РМ бр. 147/2008 год.) покажуваат дека нема надминување на граничната вредност.

* Мислењата / толкувањата, дадени во овој Извештај не се дел од опсегот на акредитација

ПРИЛОГ VIII. ОПИС НА ТЕХНОЛОГИИТЕ И ДРУГИТЕ ТЕХНИКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ, ИЛИ ДОКОЛКУ ТОА НЕ Е МОЖНО, НАМАЛУВАЊЕ НА ЕМИСИИТЕ НА ЗАГАДУВАЧКИТЕ МАТЕРИИ

VIII.1. МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ЗАГАДУВАЊЕТО ВКЛУЧЕНИ ВО ПРОЦЕСОТ

VIII.2. МЕРКИ ЗА ТРЕТМАН И КОНТРОЛА НА ЗАГАДУВАЊЕТО НА КРАЈОТ ОД ПРОЦЕСОТ

VIII.1. Мерки за спречување на загадувањето вклучени во процесот

Системи за третман на емисиите со оперативни контролни параметри и калибрации нема.

VIII.2. Мерки за третман и контрола на загадувањето на крајот од процесот

VIII.2.1. *Контрола на расадот, полупроизводот и финалниот производ*

Секој клон кој е земен се нумерира со сопствен идентификационен број. Од самиот почеток, па се до процесот на кастрење или екстракција, растението својот пат го следи со идентификационен број кој секојдневно се регистрира. Исто така во базата на податоци по нумеричкиот број се води секојдневна евиденција за третманот за секое растение поединечно, неговиот квалитет и моменталната состојба. Со ваков прецизен компјутерски софтвер во секој момент може да се оттчита состојбата на секое растение поединечно, но и вкупната бројка на растенијата, нивната местоположба, нивниот квалитет и развој.

Останатите помошни материјали се чуваат во магацин за суровини.

VIII.2.2. *Систем за климатизација и вентилација*

Основниот машински проект за климатизација на лабаротиријата на НЈСК Холдинг Скопје е изработен врз основа на поставена проектна задача, добиено архитектонско-градежни основи, намената на просторот, барање на инвеститорот и прописите за ваков вид на градба.

- ***Климатизација на просторија за екстракција***

Во просторијата за екстракција поставени се машини за производство од канабис. Промената на воздухот во просторијата за екстракција е 25 пати на час. Потисните и отсисните канали се поставени од надворешна страна и се изработени од изолиран панел за дистрибуција на воздух. Од клима комората воздухот се разделува за другите соби на 1 кат на секое разгранување во собите има електромоторна клапна која има задача да обезбеди секторски регулација на доведениот воздух. Во просторот се внесува воздух преку алуминска решетка преку канали за потис кој се доведуваат клима комората и исто толкава количина на воздух се отфрла преку друга алуминска решетка односно преку канали за отсис кој се одоведуваат и исфрла преку клима комората .

- ***Климатизација на просторија за хомогенизација***

Промената на воздухот во просторијата за хомогенизација е 34 пати на час . Потисните и отсисните канали се поставени од надворешна страна и се изработени од изолиран панел за дистрибуција на воздух. Од клима комората се воздухот се разделува во другите соби на 1 кат на секое разгранување во собите има електромоторна клапна која има задача да обезбеди секторски регулација на доведениот воздух. Во просторот се внесува воздух преку алуминска решетка преку канали за потис кој се доведуваа преку клима комората и исто толкава количина се отфрла преку друга алуминска решетка односно преку канали за отсис кој се дистрибуира преку канали за отсис кој се доведуваат и исфрлаа преку клима комората.

- ***Климатизација на мијална***

Промената на воздухот во мијалната е 46 пати на час. Потисните и отсисните канали се поставени од надворешна страна и се изработени од изолиран панел за дистрибуција на воздух. Од клима комората воздухот се разделува во другите соби на 1 кат на секое разгранување во собите има електромоторна клапна која има задача да обезбеди секторски регулација на доведениот воздух. Во просторот се внесува воздух преку алуминска решетка преку канали за потис кој се доведуваат преку клима комората и исто толкава количина на воздух се отфрла преку друга алуминска решетка преку канали за отсис кој се доведуваат и исфрла преку клима комората.

- ***Климатизација на просторија со машина за полнење***

Промената на воздухот во просторијата со машинско полнење е 17 пати на час. Потисните и отсисните канали се поставени од надворешна страна и се изработени од изолиран панел за дистрибуција на воздух. Ова е просторија каде доага последниот дел на воздухот од клима комората. Во просторот се внесува воздух преку алуминска решетка преку канали за потис кој се доведуваат од клима комората и исто толкава количина се отфрла преку друга алуминска решетка односно преку канали за отсис кој се доведуваат и исфрла преку клима комората.

- ***Вентилација***

Во објектот НЈСК Холдинг изведени се вентилациони траси со кои е предвидено уфрлање и исфрлање на воздух со цел обезбедување на вентилација со соодветен број на измени на час и тоа во неговална, простории за растење, лабараторија и сушара.

Инсталацијата за вентилација обезбедува довод на свеж (надворешен) воздух во просториите и одвод на загадениот воздух надвор од објектот. Доводот и одводот на воздух се врши преку вентилатор, вентилациони канали изработени од поцинкуван лим и дистрибутивни елементи како што се решетките, при што во просториите за растење се обезбедени 6 измени на воздух за еден час, додека во просториите за екстракција на конопот се обезбедени 8 измени на час.

Во сушарата на линијата за довод и одвод на воздух инсталирани се филтри и тоа: груб филтер за прифаќање на груба прашина или честички над 5μm и фин филтер за фина филтрација и прифаќање на честички од 1 до 5μm. Поставените филтри се изведени согласно барањата на SRPS EN 779:2012.На влезниот и излезниот канал од сушарата поставени се и противдождовни решетки од ситна поцинкувана мрежа.

Во продолжение на Прилог VIII дадени се сертификатите од применетите филтри.

Сертификати од филтри



EUROVENT CERTIFIED PERFORMANCE
www.eurovent-certification.com

Eurovent Certita Certification S.A.S. - 48/50, rue de la victoire - 75009 PARIS FRANCE
R.C.S. PARIS 513 133 637 - NAF 7120B

Accreditation #5-0517 Products and Services Certification according to NF EN ISO/CEI 17065:2012 - Scope available on www.cofrac.fr.
COFRAC is signatory of EA MLA, list of EA members is available in http://www.european-accreditation.org/ea-members

Certification Diploma N° : 09.09.434

Eurovent Certita Certification certifies that

M5-F9 Air Filters

from

MIKROPOR AS

Located at

Buyukselcuklu CaddeCi no.4 - Organize Sanayi Bolgesi
6935 ANKARA, Turkey

Trade name

MIKROPOR

have been assessed according the requirements of following standard

OM-11-2018

All products inside this defined scope are certified according to “Certify-all” principle

The list of certified products is displayed at :

http://www.eurovent-certification.com

MIKROPOR AS
is authorised to use the EUROVENT CERTIFIED PERFORMANCE mark
in accordance with the rules specified in the Operational Manual
OM-11-2018

Erick MELQUIOND
President

Approval date : 2009/09/07
Re-checked on : 2018/07/12
Valid until : 2019/05/31

Claris version: Prod 8.8.19 (05/07/2018)

GENERAL FILTER
ITALIA | Air quality experts

General Filter Italia S.p.A.
Headquarters and Plant
I - 31038 Paese, Treviso
Via Emilia, 23 - Z.A.I. S. Gottardo
Tel. +39 0422 4594
Fax +39 0422 459590

Trade Office
I - 20010 Pogliano Milanese, Milano
Via Morgagni, 40 int. 7/8
Tel. +39 02 93550640 r.a.
Fax +39 02 93255670

Meccanografico TV 001263
CCIAA di Treviso 03570360374
P.IVA - VAT 02138570268
Codice fiscale 03570360374
Cap. Soc. € 1.707.960,00 int. vers.
www.generalfilter.com

Certificato di collaudo individuale per filtri assoluti
Individual HEPA filters test certificate

Questo documento si riferisce a n. 1 filtro HEPA i cui dati sono riportati nelle prossime tabelle ed è stato testato secondo la nostra procedura interna IDL ASS 041

This document refers to nr. 1 HEPA filter which data are reported in the next tables and has been tested according to our internal procedure IDL ASS 041

Identificazione - *Identification*

Matricola n. - *Serial number*			**2018000207768**
Modello Filtro *Filter Model*	**MK132424M6**	Dimensioni mm *Size mm*	**610x610x150**
Efficenza globale MPPS (EN 1822-1) *Global MPPS Efficiency (EN 1822-1)*	**>=99,95 %**	Classe di efficienza	**H13**
Portata nominale *Nominal air flow rate*	**2.520 m³/h**	Perdita di carico iniziale *Initial Pressure drop*	**250 Pa**

L'efficienza del media filtrante è testata dal produttore mediante contatore particellare mod. TSI 8160 CNC in accordo con EN 1822-3
The efficiency of the filter media has been tested by manufacturer using a particle counter mod. TSI 8160 CNC in according to EN 1822-3

Leak Test
Viene eseguito presso il nostro stabilimento in accordo con EN-1822-4 Annex A e con la nostra ISL ASS 041

Condizioni ambientali di prova - Environmental test conditions

Temperatura *Temperature*	**19÷22 °C**	Umidità Relativa	**40÷60 %**

Esiti delle prove - *Test results*

Riparazioni effettuate	**0**	Esito Test *Test Result*	***- POSITIVE***

Test eseguito in data - *Test performed on date*	**28/06/2018**
Collaudatore - *Tester*	

LEAK TESTED

VIII.2.3. Систем за пречистена вода

Во инсталацијата е инсталиран посебен систем за добивање на прочистена вода.

Капацитетот на системот за прочистена вода е 500 l/h. Системот е дизајниран и изведен според GMP барања, овозможувајќи произведениот прочистен квалитет на водата да ги задоволи барањата на Ph.Eur. Системот за прочистена вода е во согласност со барањата на Ph.Eur.

VIII.2.4. Планирани мерки по однос на потенцијални ризици

2.4.1. НАДЗОР

Вработените во секторот НАДЗОР работат сменски во 3 смени по 8 часа со што покриваат 24 часа дневно, 7 дена во неделата. Сите вработени поседуваат уверенија за извршена обука по соодветна програма за превенција и гаснење на пожари и имаат посетено обука за прва помош.

Идентификација на потенцијални ризици во производствениот објект	**Заштита/спречување на потенцијални ризици во производствениот објект**
Противправен влез на едно или повеќе лица од надвор	Повикај 192 / Заклучување на сите влезови / Соодветна обука / Постапување по Протоколот за Безбедност на НЈСК
Појава на пожар	Активирање звучен сигнал, аларм / Повикај 194 / евакуација на вработени / ПП апарати мапирани на План за евакуација во случај на вонредна состојба / ПП азбестно кебе / Хидрантска мрежа / Соодветна обука
Прекин на Електрична енергија	Вклучување на дизел Агрегат од страна на Надзорникот / Заведува во записот за вклучување агрегат / Автоматско вклучување на паничните светла / Автоматско активирање на UPS ‘’Uninterruptible Power Suply’’/ Соодветна обука
Дефект во Електрична инсталација	Исклучување на главната склопка за довод на Ел. Енергија / Повикување на овластен сервис за Електрика / Автоматско вклучување на паничните светла / Автоматско активирање на UPS ‘’Uninterruptible Power Suply’’/ Соодветна обука
Поплавување од водоводна инсталација	Исклучување на главниот вентил од водоводната инсталација / Повикај стручно лице за санирање на штетата / Проверка на целата инсталација со запис

- **Одржување**

Идентификација на потенцијални ризици во производствениот објект	**Заштита/спречување на потенцијални ризици во производствениот објект**
Обработа на метал (искрење, испарување при заварување, Испарување на бои и лакови)	Опрема за лична заштита / Повикај 194 / ПП апарат / Примање прва помош од Службата за Надзор
Струен удар (од алат)	Проверка на исправноста на сите електрични уреди / Повикување на овластен сервис за Електрика / Повикај 194
Замор при работа	Предвремено ослободување од работа / дополнителен одмор / систематска контрола

- **Хигиеничари**

Идентификација на потенцијални ризици во производствениот објект	**Заштита/спречување на потенцијални ризици во производствениот објект**
Штетности/опасности од хемиски супстанции за одржување на хигиена и дезинфекција во производниот објект	Задолжителна опрема за лична заштита /сет за прва помош/ Примање прва помош од Службата за Надзор

2.4.2. ОДГЛЕДУВАЊЕ

Вработените во секторот ОДГЛЕДУВАЊЕ работат 1 смена по 8 часа 5 дена во неделата и дежурства преку викендите.

Идентификација на потенцијални ризици во производствениот објект	**Заштита/спречување на потенцијални ризици во производствениот објект**
Дефект на систем за наводнување	Инсталиран мануелен систем за наводнвување/ се пријавува на одговорен и се повикува надлежната компанија.
Дефект на систем за реверзна осмоза	Резервоари/ се пријавува на одговорен и се повикува надлежната компанија.
Пресекотини од ножици	Сет за прва помош, Обрати се на обучените за прва помош(Сектор Надзор)
Хемикалии/ pH up, pH down	Опрема за лична заштита / Повикај 194/
Непријавување на дефект на опрема	Соодветна обука

2.4.3. ЕКСТРАКЦИЈА И ПРОИЗВОДСТВО

Идентификација на потенцијални ризици во Екстракција и Производство	Заштита/спречување на потенцијални ризици во Екстракција и Производство
Хемикалии/реагенси (96% етанол, висок степен на испарување и пожар)	Опрема за лична заштита / Повикај 194/ ПП апарат
Лабораториски прибор (стакло, опасност при кршење и посекотини)	Сет за прва помош
Испорака на несоодветна суровина и/или амбалажа (не одговара на спецификацијата за квалитет) или ненавремена испорака	Брза испорака на нови количини
Производна опрема (работа под висок притисок)	Сет за прва помош/соодветна обука
Непријавување на дефект на опрема	Соодветна обука

2.4.4. МАГАЦИН

Видови на опасност	Мерка за спречување на опасноста
Опасност од пожар одосно од самозапалување на суровините	Контрола на температура и влага во просториите
Опасност од труење предизвикано од испарување (губривата,алкохол, хексан)	Контрола на температурата и континуирана вентилација на магацинсиот простор
Опасност од физичка повреда при транспорт и складирање на производите	Уредно складирање и лесна достапност на производите во магацинот и соодветно транспортирање со возила без погон
Опасност од глодари и други штетници	Дезинфекција, дезинсекција и дератизација на магацинскиот простор

ПРИЛОГ IX. МЕСТА НА МОНИТОРИНГ И ЗЕМАЊЕ НА ПРИМЕРОЦИ

IX.1. МЕСТА НА МОНИТОРИНГ И МЕРНИ МЕСТА ЗА ЗЕМАЊЕ НА ПРИМЕРОЦИ

IX.1. МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИТЕ И ТОЧКИ НА ЗАМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ

IX.1.1. Мониторинг на емисии во атмосферата

Од инсталацијата не се евидентирани испусти од котли и големи точкасти испусти на отпадни гасови и загадувачки супстанции во воздухот во животната средина.

Имајќи ги во предвид активностите кои се реализираат од инсталацијата како и поставениот вентилационен систем во инсталацијата, не се евидентирани испусти.

IX.2. МЕРНИ МЕСТА И МОНИТОРИНГ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Следење на влијанијата врз животната средина се прави преку мониторинг на квалитетот на почвата и нивото на бучава.

IX.2.1. Мониторинг на бучава во животната стредина

Бучава - четири мерни места:

- **AN1:** М.М. 1 - 15,38 m југозападно од пречистителна станица и 5,5 m североисточно од граница на локација;
- **AN2:** М.М. 2 - 8,8 m северно од граница на локација и 12 m јужно од производен погон на НЈСК Холдинг;
- **AN3:** М.М. 3 - 9,3 m западно од граница на локација и 6,5 m источно од производен погон на НЈСК Холдинг;
- **AN4:** М.М. 4 - 54 m северно од пречистителна станица и 29 m северозападно од производен погон на НЈСК Холдинг.

Координатите на овие мерни места се:
- **AN1:** N 41.951582˚, E 21.635678˚
- **AN2:** N 41.951026˚, E 21.636675˚
- **AN3:** N 41,951483˚, E 21.637185˚
- **AN4:** N 41.952147˚, E 21.635881˚

Пристапот до овие мерни места е лесен. Истите се наоѓаат во кругот на инсталацијата и се на висина на тлото (на приземје).

IX.2.2. Мониторинг на отпадни води

Од инсталацијата евидентиран е еден испуст на отпадни води на излез од пречистителна станица од НЈСК ХОЛДИНГ СКОПЈЕ во градската канализација на Општина Петровец.

Координатите на ова мерно место се:
- **C1:** N 41.951657˚, E 21.635769˚

Пристапот до ова мерно место е лесен, бидејќи истиот се наоѓа во кругот на инсталацијата и е на висина на тлото (на приземје).

Во **Прилог VI** на сликите **VI.3** и **VI.5** претставени се местата на мониторинг на бучава во животната средина и отпадни води во канализација, по извршен третман во пречистителна станица.



Слика бр. IX.2: Места на мониторинг на емисии.

ПРИЛОГ X. ЕКОЛОШКИ АСПЕКТИ И НАЈДОБРИ ДОСТАПНИ ТЕХНИКИ

X. Еколошки аспекти и Најдобри достапни техники

НЈСК Холдинг дооел Скопје во рамките на имплементираниот Систем за упрвување со заштита на животна средина, а во согласност со барањата на ISO 14001:2015, на годишно ниво ги идентификува аспектите на животната средина и го евалуира нивното влијание врз животната средина. Секој од дефинираните аспекти се управува по точно одредена постапка.

Аспектите на животна средина се во согласност со Референтните документи за Најдобри Достапни Техники за фармацевтски технологии (BAT Guidance Note on Best Available Techniques for Pharmaceutical and Other Speciality Organic Chemical), 2008 и Референтните документи за Најдобри Достапни Техники за производство на органски хемикалии (Best Available Techniques (BAT) Reference Document for the Production of Large Volume Organic Chemicals), 2017.

Најдобро достапните техники (НДТ) даваат одговор на следните прашања:

- системи за управување со животната средина;
- енергетска ефикасност;
- заштеда на вода;
- управување со отпадни води, собирање и третман;
- нус-производи,
- остатоци и управување со отпадот;
- третман на отпадните гасови;
- емисии на бучава и вибрации;
- емисии на мирис.

Во НЈСК Холдинг дооел поставен е Систем за управување со животната средина со цел да се подобрат севкупните еколошки перформанси и истиот ги вклучува следните карактеристики:

- посветеност на менаџментот, вклучувајќи го и високиот менаџмент;
- дефиниција, од страна на раководството, на политиката за животна средина која ги вклучува континуираните подобрувања на еколошките перформанси на инсталацијата;
- планирање и воспоставување на потребните процедури и цели, заедно со финансиско планирање и инвестиции;
- спроведување на процедури кои посветуваат особено внимание на:
  - структура и одговорност;
  - вработување, обука, свесност и компетентност;
  - комуникација;
  - вклучување на вработените;
  - документација;
  - ефективна контрола на процесот;
  - програми за одржување;
  - подготвеност за итни случаи и одговор;
  - зачувување на усогласеноста со законодавството за животна средина.
- проверка на перформансите и преземање корективни мерки, при што особено внимание се посветува на:
  - следење и мерење на емисии на воздух, вода;почва, отпад, бучава
  - корективни и превентивни активности;
  - одржување на евиденција;
- независна (каде што е изводливо) внатрешна или надворешна ревизија со цел да се одреди без оглед дали Системот за управување со животната средина е во

согласност со планираните аранжмани и дали е правилно имплементиран и одржуван;
- преглед, од страна на повисокото раководство, на Системот за управување со животната средина и нејзината континуирана соодветност, адекватноста и ефективност;
- следење на развојот на почисти технологии;
- разгледување на влијанијата врз животната средина од евентуалното затворање на инсталација во фаза на дизајнирање на нова фабрика, и во текот на неговиот работен век.

Применети најдобро достапни тељники во однос на:
- процес на екстракција на канабис,
- систем за прочистена вода
- климатизација и вентилација
- применети контролни техники.

❖ **Опис на процесот на екстракција на канабис**

Процесот на екстракција на канабисот е одвојување на лековити активни состојки на фабриката Cannabis со употреба на селективен растворувач преку стандардни процедури.

Целта на екстракцијата е да се одделат растворливите растителни метаболити, оставајќи го зад себе нерастворливиот клеточен остаток.

Почетните сурови екстракти содржат сложена мешавина од канабиноиди и терпени.

Процесот што се користи е ладно-етанолна екстракција и се изведува во согласност со одобрената технолошка постапка и GMP стандардите.

Сите производствени активности се дизајнирани и направени врз основа на документиран и јасно опишан план за квалитет на производството.

Производството се спроведува и го води надлежен персонал според СОП, со користење на соодветна опрема и производни простории.

Протокот на процесот е поделен во неколку чекори / фази:
- фаза на прифаќање на почетните материјали,
- фаза на полупроизвод-примарен екстракт,
- фаза на дестилати, примарно и секундарно пакување и испорака на екстракти.

Секој чекор/фаза поминува низ контролата на процесот според критериумите за прифатливост дадени од КК Сектор.

Се спроведуваат следните фармацевтски-технолошки операции:
- Подготовка на билен материјал
- Мацерација,
- Филтрација,
- Вакуум дестилација,
- Молекуларна дестилација
- Пакување.

Постојат 25 промени на протокот на воздух.

❖ Систем за прочистена вода

Инсталацијата се снабдува со вода од водоводната мрежа на Петровец,но за своите потреби користи посебни инсталиран систем за прочистена вода

Капацитетот на системот за прочистена вода е 500 l/h. Системот е дизајниран и изведен според GMP барања, овозможувајќи произведениот прочистен квалитет на водата да ги задоволи барањата на Ph.Eur.

Системот за прочистена вода е во согласност со барањата на Ph.Eur. и се состои од:

1. Предфилтрација
2. Омекнување на водата
3. Филтрација со активен јаглен
4. Прилагодување на pH вредноста
5. Безбедна филтрација
6. УВ стерилизација
7. Електродеонизација (EDI)
8. Складирање
9. Систем за реверзна осмоза
10. Складирање и дистрибуција на вода

Водата пред да се чува во резервоарот се филтрира низ филтер со големина од 0,2 μm.

❖ *Вентилација и климатизација*

Со HVAC системот се покриени:

- Просториите за производство на ФДФ, класифициран простор класа Д
- Просториите за екстракција, климатизиран простор
- Просторот за секундарно пакување, климатизиран простор
- Магацинскиот простор, климатизиран простор

HVAC системот се состои од поедини елементи и во зависност од просториите кои ги опслужува ги контролира следниве параметри:

- Довод на воздух
- Температура и влажност
- Диференцијален притисок
- Број на измени на воздух
- Ниво на рециркулација на воздухот
- Број на честички.

Припремата на воздухот кој се уфрла во чистиот простор, класа Д, во кој се одвива производството и примарното пакување на ФДФ вклучува:

- Филтрирање на воздухот пред влез во клима комората , филтер F5
- Високо ефикасна филтрација , филтер F7
- Филтрирање на воздухот преку апсолутен HEPA филтер H13
- Филтрирање на излезниот воздух низ филтер F4
- Поставените филтри се изведени согласно барањата на SRPS EN 779:2012.

Покрај со филтрирањето обезбедување на класата на чистота, Д, се постигнува инсо каскаден проток на воздухот од простор со повисока класа кон простор со пониска класа со што се спречува нечистиот воздух да го контаминира чистиот. Каскадното струење на воздухорт се постигнува преку каскадни надпритисоци.

Во чистиот простор класа Д се одржуваат следниве услови:

- Температура од 18 до 25°C
- Влага од 35 до 65% RH
- Разлика во притисоци од 5 до 15Pa, каскадна разлика
- Број на измени најмалку 10

HVAC системот се контролира преку SMART систем за дигитална контрола. Системот врши автоматска контрола, мониторинг и следење на условите.

НДТ за фармацевтските индустрии во делот за превенција на инциденти ги предвидува следните фази за управување со потенцијалните инциденти:

- идентификација на потенцијалните инциденти / опасности по животна средина, кои може да настанат од опасните материјали,
- вреднување на ризиците,
- идентификација на потенцијалните ризици што треба да се контролираат,
- идентификација и имплементација на потребните корективни мерки,
- развој, имплементација и тестирање на Планот за реагирање во случај на опасност.

и истите се применети во НЈСК Холдинг дооел Скопје.

Инсталацијата сите свои активности ги реализира во насока на постојано подобрување на технолошкиот процес преку усовршување на опремата со која што работи, како и со постојано водење на грижа за животната средина.

НЈСК Холдинг дооел Скопје користи техники кои се блиски до најдобрите можни техники за производство на фармацевтски производи. Целта кон која што се стреми инсталацијата е преку соодветно производство да се постигне соодветен стандард и квалитет на готовиот производ, но при тоа да не дојде до нарушување на состојбата со животната средина.

ПРИЛОГ XI. ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

XI.1. ВОВЕД

XI.2. ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

XI.1. Вовед

Инсталацијата сите свои активности ги реализира во насока на постојано подобрување на технолошкиот процес преку усовршување на опремата со која што работи, како и со постојано водење на грижа за животната средина.

Определбата на раководсвото на инсталацијата за целосно и навремено исполнување на законските обврски од областа на заштита на животната средина и безбедноста и здравје при работа, меѓу другото, е насочена кон реализација на основните принципи на Политиката за управување со квалитет и Политиката за управување со животна средина.

Според Политиката за управување со животна средина на НЈСК Холдинг дооел Скопје обврска на сите вработени е да го користат системот за управување со животна средина како оперативен инструмент за организирање на дневните активности со цел да се задоволат потребите на потрошувачите, преку нивно снабдување со производи и услуги кои секогаш ќе бидат во согласност со нивните барања и поставените рокови.

Согласно Политиката за управување со животна средина инсталацијата ќе продолжи да работи секогаш стремејќи се да го спречи секој вид на несреќи и повреди преку активно учество на секој вработен и периодична проверка на нивните познавања и спремност во делот на безбедноста и опкружувањето, со цел да се дефинираат планови чија имплементација ќе ги подобри споменатите перформанси.

Со цел потполно усовршување, поголемо искористување на постоечките капацитети, притоа одржувајќи го постојано квалитетот на своите производи на највисоко ниво и водејќи грижа за животната средина, фирмата издвојува и дел од својот буџет за вложување во безбедност и здравје на вработените и заштита на животната средина.

Инсталацијата секогаш се стреми кон најновите достигнувања на полето на заштита на животната средина преку:

- намалување на потрошувачката на суровини и енергија,
- навремен мониторинг на емисиите во воздух,
- навремен мониторинг на нивото на бучава,
- намалување на емисиите на штетни материи во животната средина со правилно складирање, третман и обработка на отпадните материи.

XI.2. Програма за подобрување

Инсталацијата користи техники кои се блиски до најдобрите можни техники за производство на фармацевтски производи, но сепак постои можност тој систем да се подобри. Целта кон која што се стреми Операторот е преку соодветно производство да се постигне соодветен стандард и квалитет на готовиот производ, но притоа да не дојде до нарушување на состојбата со животната средина.

Имајќи во предвид дека работењето на инсталацијата се извршува со опрема која соодветствува со домашните и европските прописи и регулативи кои се однесуваат на заштитата на животната средина, создадената бучава е во рамките на дозволените нивоа на бучава, преземањето на целокупниот создаден отпад се врши од страна на овластени фирми - преземачи на отпад, ефикасно искористување на енергијата и низа други активности кои се преземени со цел заштита на животната средина, Програмата за подобрување која ја предлага Операторот претставува програма на дефинирани организациони активности кои ги опфаќаат аспектите прикажани во следната табела.

Табела XI.2: Предвидени активности согласно Програмата за подобрување

Ред. бр.	Опис на активноста	Цел	Временски распоред за реализација на планот за подобрување	
			Почеток на активност / год.	Крај на активност / год.
1.	Прецизно планирање на производството од аспект на ефикасно искористување на суровините и репроматеријалите.	Максимално можно намалување на создадениот отпад од производство.	Февруари - Март 2024 год.	Мај 2024 год.
2.	Редовна контрола на исправноста на машините и производната опрема.	Спречување дефекти на машините и производната опрема, а со тоа спречување на појава на шкарт производи кое, покрај негативните финансиски импликации врз инсталацијата ќе предизвика зголемено создавање на отпад.	Февруари - Март 2024 год.	Мај 2024 год.
3.	Набавка на квалитетни суровини и репроматеријали од аспект на компонентите од кои тие се направени, преку проверка на безбедностните листи.	Со цел отпадот кој се создава при користење на овие материјали, да не биде штетен по животната средина и човековото здравје.	Февруари - Март 2024 год.	Мај 2024 год.
4.	Редовни превентивни прегледи на машините, опремата и на инсталациите (електрична, громобранска, гасна, вододводна итн.).	Спречување на хаварии.	Февруари - Март 2024 год.	Мај 2024 год.
5.	Организирање на редовни обуки на вработените од областа на заштита на животната средина и безбедноста и здравјето при работа.	Подигнување на свеста на вработените во однос на заштитата на животната средина и безбедноста и здравјето при работа.	Февруари - Март 2024 год.	Мај 2024 год.
6.	Редовен мониторинг за медиумите (создадена бучава и емисии на отпадни води) од страна на акредитирана лабораторија.	Заштита на животната средина	Февруари - Март 2024 год.	Мај 2024 год.
7.	Редовно одржување на дворното место.	Заштита на животната средина, човековото здравје и подобрување на визуелните ефекти на опкружувањето.	Февруари - Март 2024 год.	Мај 2024 год.

Со реализација на Програмата за подобрување и спроведување на соодветен мониторинг ќе се добијат податоци кои можат да послужат за документирање на статусот на медиумите и областите на животната средина и доколку е потребно да се преземат соодветни мерки.

Исто така, Прогрмата овозможува воспоставување на интерактивна врска помеѓу сите вклучени страни и претставува основа за надлежните институции, да го контролираат процесот на спроведување на законската регулатива и да донесуваат правилни одлуки.

Основните цели на Програмате се:

- Да се потврди дека договорените услови се соодветно спроведени,
- Да се потврди дека емисиите се во рамките на предвидените или дозволените гранични вредности,
- Да се овозможи управување со непредвидените влијанија или промени,
- Да се потврди дека со примена на соодветни мерки се зголемуваат придобивките во однос на заштитата на животната средина.

Операторот главно ги има остварено потребните техничките подобрувања за работа на инсталацијата и заштита на животната средина и нема значително влијание врз загадувањето на животната средина.

ПРИЛОГ XII. ОПИС НА ДРУГИ ПЛАНИРАНИ ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ

XII.1. СПРЕЧУВАЊЕ НА НЕСРЕЌИ И ИТНО РЕАГИРАЊЕ

XII.1. СПРЕЧУВАЊЕ НА НЕСРЕЌИ И ИТНО РЕАГИРАЊЕ

Во текот на работењето на инсталацијата можна е појава на емисии во животната средина настанати при евентуални несреќи и хаварии. Ризиците од вакви случувања секогаш постојат и при нивно дефинирање секогаш се земаат во предвид причините за настанување на незгодите.

Во исталацијата тие причини се следниве:

- Незгоди кои можат да настанат како резултат на природни непогоди,
- Незгоди кои можат да настанат како резултат на појава на пожар и експлозија,
- Незгоди кои можат да настанат како последица на несоодветното одржување на исправноста на опремата и инсталациите,
- Незгоди кои можат да настанат како последица на несоодветната подготовка и непочитување на упатствата за безбедно работење и употреба на средствата за колективна и лична заштита на вработените за време на редовното работење.

При разгледување на постоечки или предложени мерки за итни случаи надвор од нормалното работно време и во услови различни од вообичаените, со цел намалување на влијанието врз животната средина, потребно е да се разгледа постојната состојба од аспект на можноста за појава на горенаведените незгоди, (не)постоење на услови за нивно појавување и постоење на таканаречени „вградени мерки” дефинирани со самата градба на објектите и изградената инфраструктура на локацијата на инсталацијата.

Во однос на незгодите кои можат да настанат како резултат на природни непогоди (земјотреси, појава на поплави, силен ветер, ниски температури, наноси од снег и слично) може да се каже дека со самата изведба на градбите исполнети се законските прописи за изградба на ваков тип на објекти (сеизмичност, конструктивна стабилност и цврстина итн.).

XII.1.1. План за заштита и спасување од поплави

Во сите објекти континуирано се преземаат мерки за заштита од површински води кои можат да настанат при покачување на нивото на реката Вардар од рушење на браната Матка. Во објектот е изградена атмосферска канализација. Заради ефикасност потребно е да се одржува во чиста и исправна состојба.Заради ефикасна Заштита од поплави се одредуваат критичните места на кои може да дојде до излевање на водата и тоа пред деловниот објект.

Се преземаат следниве активности:
- Вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа;
- Ажуририрање и дополнување на планските документи;
- Придржување кон законските и подзаконските одредби кои ја регулираат областа за поплави;
- Соодветна обука на вработените за заштита од поплави;
- Истакнување на видливи места на знаци и натписи за предупредување, известување и забрани за можни опасности, постапка во случај на опасност од поплави;
- Редовна контрола на поставеноста и исправноста на водоводната и хидрантската мрежа Извршител- задолжено лице;
- Проверка на исправност, комплетност и притисок кај хидранти. Извршител -Стручна и овластена фирма од надвор;

- Проверка и контрола на исправност и приод до главниот вентил на водоводната и хидрантската мрежа на објектот.Извршител - лице за одржување;
- Изработување на пожарен куќен ред и негово истакнување на видно место во објектот;
- Одредување доволен број оспособени лица од редот на вработените кои ќе можат ефикасно да реагират во случај поплавување;
- Одредување начин на тревожење и известување на вработените - Рачни јавувачи, по телефон или усно;
- Поставување табли и натписи со известување за начинот за тревожење и предвидената постапка се поставуваат заедно со плановите за евакуација;
- Постапка во случај на опасност.

XII.1.2. План за заштита и спасување од пожари

Во однос на незгоди кои можат да настанат како резултат на појава на пожар и експлозија, може да се каже дека инсталациајта е опремена со стабилни системи и мобилни апарати за гасење на пожар со вода, со CO_2 и со прашок чиј број и поставеност е согласно Планот за заштита од пожари. Нивната исправност редовно се контролира според важечките прописи.

До инсталацијата е обезбеден пристап за ПП возила. Сите внатрешни патишта и паркинзи се асфалтирани.

Мерки за заштита од пожар

Инсталацијата го поседува следниот број и тип на ПП апарати:
- Тип на ПП апарат S-9 x 76 парчиња;
- Тип на ПП апарат S-50 x 27 парчиња;
- Тип на ПП апарат CO_2-5 x 36 парчиња;
- Тип на ПП апарат FM-200 / 6 kg x 1 парче;
- Тип на ПП апарат S-6 x 4 парчиња.

За нивно одржување задолжена е надворешна фирма.

Во случај на пожар постапката е следна:
- без паника да се пристапи кон гаснење на пожарот,
- да се извести одговорното лице и противпожарната единица,
- да се пристапи кон евакуација на загрозените лица и имот,
- да се исклучи доводот на електрична енергија и затвори и исклучи доводот на лесно запаливи материи,
- да се одстранат сите лесно запаливи и експлозивни материи,
- да се затворат сите отвори и врати заради спречување на ширење на пожарот,
- да се употреби соодветно средство за гаснење во зависност од видот и обемот на настанатиот пожар,
- да се употребат сите ПП средства, апарати и опрема која е во близина,
- работниците кои не се директно вклучени во гасењето на пожарот веднаш да го напуштат објектот и да се одалечат на сигурна далечина,
- да се пристапи кон евакуација и изнесување на луѓе и материјални добра од соседните простории и објекти.

Секој вработен е должен без приговор да ги извршува задачите од одговорното лице кое раководи со гаснење на пожарот.

Во инсталацијата опасностите од појава на инцидентни случаи на несреќи и хаварии се постојано присутни за кои се свесни сите вработени. Поради тоа големо внимание се обрнува на превентивните мерки и активности за спречување на таквите опасности.

Заради спречување и отстранување на опасностите (пожар, хаварии, елементарни непогоди, радиолошко-биолошко-хемиска опасност и сл.) за заштита и спасување на луѓето и материјалните средства, како и заради заштита на животната средина од инцидентни емисии, инсталацијата има изготвено План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи.

Планот за заштита и спасување на инсталацијата се заснова на Проценатa на загрозеност на објектот и субјектите во него од природни и други несреќи, на реалните потреби и можности за спроведување на ефикасна заштита, преку искористување на расположивиот стручен потенцијал и ресурси, како и преку соработка и содејство со останатите субјекти на системот за заштита и спасување во општината,градот и силите за заштита и спасување кои се формираат на државно ниво.

Во однос на незгоди кои можат да настанат како последица на несоодветното одржување на исправноста на опремата и инсталациите и непочитување на упатствата за безбедно работење и употреба на средствата за колективна и лична заштита на вработените за време на редовното работење, може да се каже дека Операторот на инсталацијат во рамките на законските регулативи, постојано врши редовна контрола на исправноста на уредите, инсталациите и опремата.

Во инсталацијата е обезбедено постојано присуство на вработени оператори и одржувачи кои се грижат за безбедноста на погонот. Освен тоа има и организирана чуварска служба која со редовни обиколки вон работното време ја следи безбедносната состојба на локалитетот.

XII.1.3. План за прва медицинска помош

Кога станува збор за организацијата и спроведувањето на првата медицинска помош, која се остварува во рамките на системот за заштита и спасување, станува збор за прва медицинска помош од организационен, а не од стручен карактер.

Како последица на екстерни фактори за предизвикување на акцидентни ситуации со предизвикување на повреди на вработени или странки или пак такви повреди како последица на несреќи предизвикани од субјективни грешки, превиди или пропусти на персоналот, тие би биле од помал или поголем обем. Ваквата проценка се фундира на величината и фреквенција на луѓе во објектот, карактерот и функционалноста на објектите, деловните простории и опремата, како и едуцираноста на вработените. ДПТУ НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ- Скопје, ќе оформи и обучи Универзално Оделение и обучени поединци за Заштита и спасување и за прва медицинска помош.

Штабот за Заштита и спасување,Обучените поединци и Универзалното одделение за заштита и спасување по спроведувањето на основната обука за заштита и спасување, програмски ќе спроведуваат и периодична обука и вежби најмалку еднаш годишно.

ПРИЛОГ XIII. РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК НА АКТИВНОСТИТЕ

XIII.1. РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК НА АКТИВНОСТИТЕ

XIII.1. Ремедијација, престанок со работа, повторно започнување со работа и грижа по престанок на активностите

Во случај на делумен или целосен престанок на активноста на НЈСК Холдинг дооел Скопје се предвидени следните мерки и постапки:

- отстранување на целокупниот отпад (опасен и неопасен), нефункционални постројки и опрема во согласност со законската регулатива на РСМ,
- чистење на сите простории во рамките на локацијата,
- отстранување на опасните материи во согласност со актуелната законска регулатива во РСМ,
- чистење на дворската површина.

Со основните суровини,репроматеријали и залихи на готови производи, постројките и опремата, како и со самите објекти и инфраструктура ќе се постапи на следниов начин:

❖ Основна суровина, репроматеријали и залихи на готови производи

Целокупната количина на суровини и репроматеријали ќе се потроши пред да прекине инсталацијата да функционира. Во случај да не може да се потроши, истите ќе се продадат или евентуално ќе бидат вратени кај добавувачите. На тој начин се избегнува можноста од било какво загадување на животната средина, пред се на почвата или нејзино нагрдување во или надвор од рамките на локацијата.

Доколку има производи на залиха, истите ќе се продадат.

❖ Постројки и опрема

Откако инсталацијата ќе престане да работи, со опремата и машините, кои во моментот на прекинот ќе се затекнат на локацијта ќе се постапи на следниот начин:

- Демонтажа на машините од страна на стручни лица на начин пропишан во соодветни документи (препораки од производителот),
- Продажба на опремата и машините кои се функционални, во случај да нема заинтересирани купувачи истите ќе се продадат како старо железо,
- Опремата која не е функционална ќе им се понуди на откупувачите на старо железо,
- Сета онаа опрема која нема да се продаде ќе се одложи и уништи на начин кој ќе биде во согласност со актуелната законска регулатива на РСМ.

❖ Објекти и инфраструктура

Во случај инсталацијата да престане да работи најпрво ќе се направи обид за продажба на инсталацијата во целост или парцијално со можност за пренамена. Доколу има потреба возможно е да се изврши конзервирање на објектот, а се со цел да се најде заинтересиран купувач.

Во случај да се реши инсталацијата да се руши сметаме дека градежните материјали од кои се изградени објектите не се опасни за животната средина.

Градежниот шут кој ќе насатане ќе се одложи согласно актуелната законска регулатива на РСМ.

Во случај на престанок со работа на дел од инсталацијата или на целата инсталација НЈСК Холдинг дооел Скопје планира да ги превземе следните активности:

а) Преземање на оперативни активности:

- Празнење на заостанатите количини на течни хемикалии, со отуѓување или префрлање во други објекти;
- Конзервирање на цевните инсталации и опремата за напојна вода со средства против корозија и смрзнување;
- Подмачкување и замастување на сите вртливи делови од машинска опрема;
- Празнење на водоводните инсталации, или доколку тоа не е можно, полнење на водните системи со сретства за заштита од смрзнување;
- Растеретување и доведување во безнапонска состојба на електричните уреди и разводни табли;
- Видно обележување електро таблите и дел од опремата кои не смеат да се испразнат или исклучат со натписи за известување и опомена (пример: електротабли кои мора да бидат во напонска состојба).

б) Преземање на административни активности:

- Информирање на надлежните министерства за престанок со работа, со поднесување извештај за превземените мерки и активности;
- Изготвување заеднички план за мерки и активности со соседните инсталации сврзани со новонастанатата состојба;
- Евидентирање на сите оперативни активности кои се превземени во ваквата состојба, со назнака на местата каде се наоѓа оваа евиденција;
- Обележување на локациите и местата кои можат да бидат опасни и изготвување листа на мерки кои треба да се преземат во случај на потреба;
- Изготвување на листа на активности за извршување на повремени контроли на инсталацијата и список на лица со соодветна професија, задолжени за тие контроли;
- Изготвување листа на мерки и акивности за повторно започнување со работа на инсталацијата.

НЈСК Холдинг ДООЕЛ Скопје се обврзува да го почитува релевантното законодавство и регулаторни барања кои ќе бидат на сила во време кога ќе бидат превземени активностите за затварање (престанок со работа) на претпријатието.

ПРИЛОГ XIV. НЕТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД

XIV. НЕТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД

XIV. Нетехнички преглед

❖ *Локација на инсталацијата*

Локацијата на Компанијата НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ Скопје е на Ул. 112 бр. 217, Индустриска зона Ќојлија, Општина Петровец Скопје, Република Северна Македонија, на североисток од главниот град Скопје, во Индустриска зона Ќојлија, Петровец.

❖ *Опис на инсталацијата*

Друштво за производство промет и услуги „НЈСК ХОЛДИНГ“ ДООЕЛ СКОПЈЕ е EU GMP сертифицирана фармацевтска компанија за производство на активни фармацевтски состојки (API): хербална супстанца - сув цвет; различни видови екстракти од канабис (декарбоксилирано и дестилирано масло од канабис); како и нестерилни течни, цврсти и полу-цврсти фармацевтски дозирани форми. Целокупното производтство на канабис и препарати од канабис е наменето за употреба во медицински цели.

Основната регистрирана дејност на фирмата „НЈСК ХОЛДИНГ“ ДООЕЛ СКОПЈЕ е:
• 21.10 - Производство на основни фармацевтски производи;
• 21.20 - Производство на фармацевтски препарати;
• 01.28 - Одгледување на зачински, ароматични и лековити растенија за употреба во фармацијата.

Објектот на НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ СКОПЈЕ е поделен на следните катови:
1. Приземје;
2. Кат 1;
3. Кат 2 - Администрација.

За производство на готови дозирани форми е обезбеден посебен простор и тоа:
- Припремна лабораторија за екстракција;
- Лабораторија за екстракција;
- Производен погон за подготовка на готов финален производ.

Основа на сите маслени производи преставува маслото од канабис кое се добива по пат на екстракција на растението коноп во специјална екстракциона постројка.

❖ *Организациона структура на инсталацијата*

Во НЈСК ХОЛДИНГдооел Скопје вработени се вкупно 112 работници.

НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ Скопје поседува:
- Политика за квалитет и заштита на животна средина;
- Сертификат за управување со квалитет ISO 9001:2015;
- Сертифкат за управување со животната средина ISO 14001:2015; - Дозвола за приватно обезбедување;
- Дозвола за производство и промет на активна супстанција во хербална форма-цветни плодни врвови на растението канабис, издадена од Агенција за лекови и медицински средства;
- Дозвола за производство на екстракти од канабис за медицински цели и течни и полуцврсти фармацевтски дозирани форми кои содржат екстракт од канабис за медицински цели (раствори и масла), издадена од Агенција за лекови и медицински средства;

- Одобрение за повластен корисник на акцизни добра - етанол 96% од Царинска Управа;
- Решение за давање на одобрение за одгледување на канабис, издадено од Министерство за здравство;
- Решение за давање на одобрение за сеење/садење на канабис за медицински цели, издадено од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
- Одобрение за набавување на оружје, издадено од Министерство за внатрешни работи;
- Сертификати од CUMSC;
- Сертификат за усогласеност со начелата на Добра Производна Пракса (GMP), издаден од Агенција за лекови и медицински средства (на македонски и англиски јазик);
- Сертификати за усогласеност со начелата на Добра Производна Пракса (EU GMP), издадени од Фармацевтски инспекторат во Полска;
- Сертификат за усогласеност со упатствата за добра земјоделска и собирна практика (Guideline on good Agricultural and Collection Practice-GACP) за почетни материјали од растително потекло, издаден од Еворпската агенција за лекови (European Medicines Agency-EMEA);
- Сертификат за Акредитација според стандардот за компетенција на лаборатории за тестирање и калибрација - МКС EN ISO/IEC 17025:2018, број на акредитација: ЛТ-088, издаден од Институт за акредитација на Република Северна Македонија - ИАРСМ.

❖ ***Суровини кои се употребуваат во производниот процес:***

Основните и помошни суровини кои се користат за вршење на дејноста, на годишно ниво се:
1. Канабис (цвет за екстракција);
2. Минерални ѓубрива;
3. Коцки од камена волна;
4. Масло од канабис;
5. Етанол 96%;
6. MCT oil (кокосово масло);
7. CBD distillate;
8. THC distillate;
9. Вода;
10. Електрична енергија.

Основна и единствена суровина во процесот на одгледување е растението канабис во форма на мајки и клонови наизменично.

Помошни материјали потребни за ова производство се минерални ѓубрива, коцки од камена волна во кои се одгледува канабисот.

❖ ***Ракување со суровини, горива, меѓупроизводи и производи***

Во НЈСК Холдинг ракувањето со суровините, горивата, хемикалиите, помошните материјали и електричната енергија се одвива според техничко-технолошките норми и барања, согласно законската регулатива и е карактеристично за секоја од наведените компоненти.

За таа цел во Инсталацијата постои опрема и механизација за утовар и истовар, складирање, дистрибуција и транспорт, која редовно се одржува и контролира.

❖ ***Опис на управувањето со цврст и течен отпад во инсталацијата***

Видовите на отпад кои се создаваат во текот на оперативните активности во рамки на инсталацијата, согласно класификацијата на Листата на видови на отпади, главните извори, количините и постапувањето се дадени во табелите **V.2.1** и **V.2.2** во Анекс - Табели.

Отпадните материи кои се генерираат при вршењето на дејноста може да се групираат како:

- **02 01 03** Отпад од растително ткиво (остатоци од коцките од камената волна, ситен цврст отпад и отпадна прашина од растенијата и остаток од екстракција);
- **20 01 99** Технолошки отпад;
- **15 01 01** Отпад од пакување од хартија и картон;
- **15 01 02** Отпад од пакување од пластика;
- **15 01 03** Отпад од пакување од дрво;
- **15 01 04** Отпад од пакување од метал;
- **15 01 05** Отпад од пакување од композитни материјали,
- **15 01 07** Отпад од пакување од стакло;
- **20 03 01** Измешан комунален отпад.

Според податоците од 2023 год., во инсталацијата на НЈСК Холдинг доо Скопје, генериран отпад има од растително ткиво (02 01 03), технолошки отпад (20 01 99) и измешан комунален отпад (20 03 01).

За правилно постапување со отпад од пакување од хартија и картонска амбалажа инсталацијата постапува согласно Стандардната оперативна процедура за управување со отпад: SOP-001-WH.

Во фазите на преработка на канабис се создаваат следните видови на цврст отпад:
- остатоци од коцките од камената волна;
- ситен цврст отпад и отпадна прашина од растенијата;
- остаток од екстракција.

Компанијата има воведено и други оперативни процедури, а тоа се следните:
- Стандардна оперативна процедура за управување со аспектите на околината: SOP-004-OP;
- Стандардна оперативна процедура за внатрешна и надворешна комуникација: SOP-002-OP;
- Стандардна оперативна процедура за справување при случајно истурање на хемикалии и суровини: SOP-013-PR;
- Работно упатство за безбедно ракување со етанол: RU-075-EX.

Отпадот што се генерира во НЈСК Холдинг според листата на видови на отпад не е класифициран во група на опасен отпад. Отпадот од пакување од хартија и картон, пластика, дрво, метал, композитни материјали и стакло се складира во контејнери (канти) во кругот на фабриката и потоа го откупува фирмата Пакомак.

Цврстиот отпад кој произлегува од технологијата на работа (отпад од растително ткиво), се создава при следните фази: фаза на растење, фаза на сушење и кастрење и цврстиот отпад, што претставува остаток од екстракција на цвет се носи во депонијата Дрисла, за што во Прилог бр. 5 се приложени и записници од предаден отпад од овој вид.

Во фазите на преработка на канабис се создаваат следните видови на цврст отпад:

- остатоци од коцките од камената волна,
- ситен цврст отпад и отпадна прашина од растенијата и
- остаток од екстракција.

Во фазата на растење како цврст отпад се генерираат остатоци од коцките од камената волна кои се користат како подлога за растење на канабисот. Овие отпадни материи се собираат и фрлаат после секоја берба; Отпадот се собира во соодветен контејнер во кругот на инсталацијата и истиот се транспортира од овластена компанија, Дрисла Скопје до депонијата “Дрисла“.

Во фазата на сушење и кастрење на канабисот доаѓа до создавање на ситен цврст отпад и отпадна прашина од растенијата. Овој отпад механички се собира (мете и се вшмукува со машина). Истиот се класифицира како неопасен отпад и поединечно по вид се собира во специјални картонски кутии за медицински отпад и се предава на фирмата Дрисла Скопје доо надлежна за постапување и третирање на медицински отпад.

Во фазата на екстракција се генерира цврст отпад (остаток од екстракција од цвет), кој се складира во посебна кутија за третирање на медицински отпад и се предава на фирмата Дрисла Скопје доо надлежна за постапување и третирање на медицински отпад.

Измешаниот комунален отпад што го создаваат вработените за 24 часовна работа на локацијата (работа во смени). На годишно ниво се очекува околу 600 kg/god комунален отпад. Истиот се собира во соодветни контејнери во кругот на фабриката и се транспортира од овластена компанија до депонијата “Дрисла“.

Во однос на отпадот се планира соодветно прибирање, привремено складирање, селектирање на отпадот и навремено изнесување на отпадот од објектот.

❖ *ЕМИСИЈА*

- ***Емисии во воздух***

Во инсталацијата НЈСК Холдинг изведени се вентилациони траси со кои е предвидено уфрлање и исфрлање на воздух со цел обезбедување на вентилација со соодветен број на измени на час и тоа во неговална, простории за растење, лабараторија и сушара.

Инсталацијата за вентилација обезбедува довод на свеж (надворешен) воздух во просториите и одвод на загадениот воздух надвор од објектот. Доводот и одводот на воздух се врши преку вентилатор, вентилациони канали изработени од поцинкуван лим и дистрибутивни елементи како што се решетките, при што во просториите за растење се обезбедени 6 измени на воздух за еден час, додека во просториите за екстракција на конопот се обезбедени 25 измени на час.

Кај линијата за довод и одвод на воздух инсталирани се филтри и тоа: груб филтер за прифаќање на груба прашина или честички над 5μm и фин филтер за фина филтрација и прифаќање на честички од 1 до 5μm. Поставените филтри се изведени согласно барањата на SRPS EN 779:2012. На влезниот и излезниот канал од сушарата поставени се и противдождовни решетки од ситна поцинкувана мрежа.

Имајќи ги во предвид активностите кои се реализираат во инсталацијата и поставениот вентилационен систем во инсталацијата, не се евидентирани испусти на загадувачки супстанции во воздухот.

Од инсталацијата не се евидентирани други точкасти испусти на отпадни гасови и загадувачки супстанции во воздухот во животната средина.

- ***Фугитивни и потенцијални емисии***

Емисијата на неметански испарливи органски соединенија (NMVOC), CO, CO_2, SO_2 и NOx од горивата на возилата кои се задржуваат при истовар и товар на влезните суровини и готовите производи, е релативно мала и може да се каже дека е исклучиво ограничена на работната средина во близина на инсталацијата.

- ***Емисии во површински води***

Од инсталацијата нема емисии во површински води.

- ***Емисии во канализација***

Во процесот на работа на инсталацијата, од технолошкиот процес на работа, како отпадни води се јавуваат:

- отпадни води од миење на просториите за растење;
- води од одржување на хигиена на вработените;
- санитарни отпадни води;
- води од атмосферските врнежи.

Отпадните води од миење на подовите во просториите за растење не содржат отпадни материи од причина што се работи за простории кои се третираат како “чисти соби“ со строго ограничено движење и користење на заштитни скафандери за вработените за да не се загади просторот и самите растенија. Овие миења кои се превентивни се прават после секоја берба или околу пет пати годишно.

Отпадните води од миење на подовите во просториите за растење преку систем на одводна канализација од објектот се одведуваат до постојната канализациона мрежа на Петровец.

- ***Емисии во почва***

Од инсталацијата не постои емисија во почва.

- ***Емисии на бучава***

Од резултатите добиени при мерењето на амбиентната бучава може да се заклучи дека бучавата што се генерира од инсталацијата нема влијание врз животната средина надвор од нејзините граници.

- ***Вибрации***

Во инсталацијата нема извори на вибрации кои би влијаеле на животната средина.

- ***Извори на нејонизирачко зрачење***

Во Инсталацијата нема извори на нејонизирачко зрачење.

- ***Оценка на емисиите во атмосферата***

Операторот на инсталацијата, врши редовен мониторинг на емисијата од испустот од сушара заради што има ангажирано надворешна акредитирана лабораторија од Скопје.

Врз основа на податоците добиени од досега извршените мерења и анализи на емисијата на загадувачки супстанции во воздухот може да се констатира дека, во согласност со Правилникот за граничните вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Сл. весник на СРМ, бр.141/2010 год.), нема надминување на граничните вредности.

- ***Оценка на влијанието врз површинскиот реципиент***

Од инсталацијата нема испуштања на фекални и технолошки отпадни води во површински води.

- ***Оценка на влијанието на испуштање во канализација***

Од инсталацијата евидентирана е една точки на емисија во градска канализација.

Водите не содржат отпадни материи и од причина што се работи за простории кои се третираат како “чисти соби“ со строго ограничено движење и користење на заштитни скафандери за вработените за да не се загади просторот и самите растенија. Исто така не се применуваат дополнителни средства за чистење на просториите во кои се одгледуваат растенијата. Овие миења кои се превентивни се прават после секоја берба или околу пет пати годишно.

Станува збор за релативно чисти води кои се во мали количини поради што не се предвидени посебни технолошки решенија.

- ***Оценка на влијанието на емисиите врз почвата и подземните води***

Нема емисии во почва и во подземните води.

- ***Расфрлање на земјоделски и неземјоделски отпад***

Не е соодветно за предметната инсталација.

- ***Загадување на почвата/подземната вода***

Од отпочнувањето со работа на Инсталацијата до денес, нема загадување на почвата и подземните води.

- ***Оценка на влијанието врз животната средина на искористувањето на отпадот во рамките на локацијата и/или неговото одлагање***

Создадениот отпад во инсталацијата е згрижен и депониран соодветно и истиот не влијае врз животната средина.

- ***Влијание на бучавата***

Бучавата создадена во инсталацијата нема влијание врз животната средина надвор од нејзините граници.

Добиените резултати од мерењата на нивото на бучава и нивна споредба со Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина (Сл.весник на РМ бр.147/2008) покажуваат дека нема надминување на граничната вредност.

- ***Мерки за спречување на загадувањето вклучени во процесот***

Во Инсталација нема посебни уреди и системи за директно намалување на загадувањето на воздухот водата и почвата, со оглед на тоа дека такво загадување нема. Користењето на автоматизација во производниот процес е насочно, пред се, кон намалување на загубите од готовите поизводи.

Системи за третман на емисиите со оперативни контролни парметри и калибрации нема.

Превземен мерки за третман и контрола на загадувањето на крајот од процесот се:
- Контрола на расадот, полупроизводот и финалниот производ;
- Инсталиран систем за климатизација и вентилација;
- Инсталиран систем за пречистена вода;
- Планирани мерки по однос на потенцијални ризици.

- ***Места на мониторинг и земање примероци***

Местата на мониторинг на емисиите и мониторинг на квалитетот на животната средина дефинирани се во Табела **IX.1.1** и Табела **IX.1.2**. и истите се дадени во Анекс 1 Табели.

- ***Најдобро достапни техники***

НЈСК Холдинг дооел Скопје во рамките на имплементираниот Систем за упрвување со заштита на животна средина, а во согласност со барањата на ISO 14001:2015, на годишно ниво ги идентификува аспектите на животната средина и го евалуира нивното влијание врз животната средина. Секој од дефинираните аспекти се управува по точно одредена постапка.

Аспектите на животна средина се во согласност со Референтните документи за Најдобри Достапни Техники за фармацевтски технологии (BAT Guidance Note on Best Available Techniques for Pharmaceutical and Other Speciality Organic Chemical), 2008 и Референтните документи за Најдобри Достапни Техники за производство на органски хемикалии (Best Available Techniques (BAT) Reference Document for the Production of Large Volume Organic Chemicals), 2017.

Најдобро достапните техники (НДТ) даваат одговор на следните прашања:
- системи за управување со животната средина;
- енергетска ефикасност;

- заштеда на вода;
- управување со отпадни води, собирање и третман;
- нус-производи,
- остатоци и управување со отпадот;
- третман на отпадните гасови;
- емисии на бучава и вибрации;
- емисии на мирис.

- ***Програма за подобрување***

Инсталацијата сите свои активности ги реализира во насока на постојано подобрување на технолошкиот процес преку усовршување на опремата со која што работи, како и со постојано водење на грижа за животната средина.

Определбата на раководсвото на инсталацијата за целосно и навремено исполнување на законските обврски од областа на заштита на животната средина и безбедноста и здравје при работа, меѓу другото, е насочена кон реализација на основните принципи на Политиката за за управување со животна средина.

Инсталацијата користи техники кои се блиски до најдобрите можни техники за производство на на фармацевтски производи, но сепак постои можност тој систем да се подобри. Целта кон која што се стреми Операторот е преку соодветно производство да се постигне соодветен стандард и квалитет на готовиот производ, но притоа да не дојде до нарушување на состојбата со животната средина.

Имајќи во предвид дека работењето на инсталацијата се извршува со опрема која соодветствува со домашните и европските прописи и регулативи кои се однесуваат на заштитата на животната средина, создадената бучава е во рамките на дозволените нивоа на бучава, преземањето на целокупниот создаден отпад се врши од страна на овластени фирми - преземачи на отпад, ефикасно искористување на енергијата и низа други активности кои се преземени со цел заштита на животната средина, Програмата за подобрување која ја предлага Операторот претставува програма на дефинирани организациони активности кои ги опфаќаат аспектите прикажани во следната табела.

Со реализација на Програмата за подобрување ќе се добијат податоци кои можат да послужат за документирање на статусот на одреден медиум на животната средина (воздух, вода, почва), како и следење на ефектите од применетите мерки.

Исто така, Прогрмата овозможува воспоставување на интерактивна врска помеѓу сите вклучени страни и претставува основа за надлежните институции, да го контролираат процесот на спроведување на законската регулатива и да донесуваат правилни одлуки.

Операторот главно ги има остварено потребните техничките подобрувања за работа на инсталацијата и заштита на животната средина и нема значително влијание врз загадувањето на животната средина.

- ***Спречување на несреќи и итно реагирање***

Во текот на работењето на инсталацијата можна е појава на емисии во животната средина настанати при евентуални несреќи и хаварии. Ризиците од вакви случувања секогаш постојат и при нивно дефинирање секогаш се земаат во предвид причините за настанување на незгодите.

Во исталацијата тие причини се следниве:

- Незгоди кои можат да настанат како резултат на природни непогоди,

- Незгоди кои можат да настанат како резултат на појава на пожар и експлозија,
- Незгоди кои можат да настанат како последица на несоодветното одржување на исправноста на опремата и инсталациите,
- Незгоди кои можат да настанат како последица на несоодветната подготовка и непочитување на упатствата за безбедно работење и употреба на средствата за колективна и лична заштита на вработените за време на редовното работењ

Во однос на незгоди кои можат да настанат како последица на несоодветното одржување на исправноста на опремата и инсталациите и непочитување на упатствата за безбедно работење и употреба на средствата за колективна и лична заштита на вработените за време на редовното работење, може да се каже дека Операторот на инсталацијат во рамките на законските регулативи, постојано врши редовна контрола на исправноста на уредите, инсталациите и опремата.

Водоснабдувањето е со водоводна инсталација, заштитена од смрзнување, а отпадната вода се одведува во прво во канализационата мрежа на Петровец, а потоа преку пречистителна станица во градската канализациона мрежа. Дворното место на инсталацијата е осветлено и оградено.

Во инсталацијата е обезбедено постојано присуство на вработени оператори и одржувачи кои се грижат за безбедноста на погонот. Освен тоа има и организирана чуварска служба која со редовни обиколки вон работното време ја следи безбедносната состојба на локалитетот.

- ***Ремедијација, престанок со работа, повторно започнување со работа и грижа по престанок на активностите***

Престанок на работа на целата Инсталација не се планира во блиска иднина.

Меѓутоа, доколку настапат околности под кои ќе биде неопходно да престане со работа, инсталацијата се обврзува да ги сведе на минимум влијанијата врз животната средина од своето работење.

Во случај на делумен или целосен престанок со работа направен е план за минимизирање на краткорочните и долгорочните ефекти на активноста врз животната средина.